СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-1789/91
15.03.2022 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 8-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 15.03.2022година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Јас отварам 8-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.
На седницата присуствуваат сите 19 советници.

Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записник од Седмата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 09.02.2022 година.

Дали има забелешки околу Записникот за 7-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот на 7-та Седница на Советот на Општина Кавадарци. Едногласно усвоен.

Ќе ги замолам службите и за мене да достават за гласање документи .

Констатирам дека е усвоен Записникот на 7-та Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Исто така за денешната седница Ви е доставен и Записникот од Првата вонредна седница одржана на ден 07.03.2022 година.

Дали има забелешки по Записникот на Првата вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци.

Ве молам кој е за усвојување на Записникот од Првата вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци. Едногласно усвоен.

Констатирам дека е усвоен Записникот од Првата вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес тоа :

1. Годишна сметка на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година;
2. Годишен Извештај за работењето на Општина Кавадарци за 2021 година;
3. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година;

4. Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УЕ5, Блок 5.4, „Младински„ КО Кавадарци град, Општина Кавадарци плански период 2020-2025;
5. Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УЕ 11, дел од Блок 11.1 „Киро Спанџов„ КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период (2018-2023);
6. Предлог-Програма за одржување на јавни санитарни кабини во Општина Кавадарци;
7. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година (опремување на сензорна соба во рамките на Дневниот центар за лица со попреченост во Општина Кавадарци);
8. Предлог-Одлука за кофинансирање на Проектот„ Изградба на водоводна линија, фекална и атмосферска канализација на ул„Лазо Асијата„;
9. Предлог-Одлука за кофинансирање на Проектот„Доградба на потпорен зид (заштита на инфраструктурни линии на ул„Клинска)„ ;
10. Предлог-Одлука за кофинансирање на Проектот„ Реконструкција на атмосферска канализација во с.Возарци (со разделување од фекална канализација„ ;
11. Предлог-Одлука за кофинансирање на Проектот„Регулација и уредување на речното корито на Овчка река„ ;
12. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.7/22;
13. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.8/22;
14. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.9/22;
15. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.10/22;
16. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.11/22;
17. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.12/22;
18. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.13/22;
19. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.14/22;
20. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.15/22;
21. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.16/22;
22. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.17/22;
23. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.18/22;
24. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.19/22;
25. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.20/22;
26. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.21/22;
27. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.22/22;
28. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.23/22;
29. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.65/21;
30. Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.64/21;

    Точка 31 СЕ ИЗЗЕМА од дневниот ред, понатаму редоследно се менуваат точките

31. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.77/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

32. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.74/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;
33. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2021 година;
34. Известување за работата на Одделението за внатрешни работи Кавадарци за 2021 година, со арх.бр.22.23.6-550/2-22 од 04.02.2022 година, доставено од Секторт за внатрешни работи Велес, Одделение за внатрешни работи Кавадарци;
35. Годишна сметка на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци;
36. Годишна сметка на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;
37. Годишна сметка на СОУ„Киро Спанџов -Брко „ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на СОУ„Киро Спанџов -Брко „ Кавадарци ;
38. Годишна сметка на ООУ„Тошо Велков -Пепето „ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на ООУ„Тошо Велков -Пепето „ Кавадарци ;
39. Годишна сметка на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци ;
40. Годишна сметка на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци;
41. Годишна сметка на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа за 2021 година, донесена од УО на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа;
42. Годишна сметка на ООУ„Тоде Хаџи -Тефов „ Кавадарци, донесена од УО на ООУ„Тоде Хаџи -Тефов „ Кавадарци за 2021 година;
43. Годишна сметка на ООУ„Гоце Делчев „ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на ООУ„Гоце Делчев „ Кавадарци ;
44. Годишна сметка на ООМБУ„Лазо Мицев -Рале „ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на ООМБУ„Лазо Мицев -Рале „ Кавадарци;
45. Годишна сметка во ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
46. Годишна сметка на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2021 година донесена од УО на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;
47. Годишна сметкана ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов -Климе„Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов -Климе„Кавадарци;
48. Годишен Извештај за работа на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов-Климе„ Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов-Климе„ Кавадарци;
49. Годишна сметка на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци;
50. Годишен Извештај за работа на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци;
51. Годишна сметка на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци;

52. Годишна сметка на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци;
53. Годишна сметка за 2021 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
54. Годишен Извештај за работа за 2021 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
55. Годишен Извештај за работа за 2021 година на МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;;
56. Предлог-Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плакање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
57. Предлог-Одлука за давање согласност на измена на Годишен план за вработување за 2022 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Точка 58 и 59 СЕ ИЗЗЕМААТ од дневниот ред, понатаму редоследно се менуваат точките.

58.Предлог-Одлука за утврдување на цена за одржување-чистење на тоалетни кабини (санитарни јазли), донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

58. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за усвојување на ценовник за одржување на поплочени улици и пределување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
59. Годишна сметка на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев -Јасмин„ Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев -Јасмин„ Кавадарци;
60. Годишен Извештај за работа за 2021 година на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев -Јасмин„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев -Јасмин„ Кавадарци;
61. Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за работењето на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за период од 01.02.2021-31.12.2021 година, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Точка 64 СЕ ИЗЗЕМА од дневниот ред, понатаму редоследно се менуваат точките

64. Предлог-Одлука за проширување на дејноста на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;;
65. Предлог-Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

64.Заради поврзаност со претходната точка - Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа

Статутот на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци,

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .Кој е за. Констатирам дека едногласно е усвоена точката и е усвоен Предлог Дневниот ред да се надополни со точка 65

65.Статутот на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци

66. Информација од ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
67. Предлог-Одлука за усвојување на Ценовник за обележување на хоризонтална сигнализација на територијата на Општина Кавадарци донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
68. Годишен Извештај за работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2021 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци ;
69. Предлог-Одлука за давање согласност за отпис и расходување на стара неупотреблива опрема од ООУ„ Димката Ангелов-Габерот„ с.Ваташа, донесена од УО на ООУ„ Димката Ангелов-Габерот„ с.Ваташа;
70. Предлог-Одлука за давање согласност расход за неупотреблива опрема од ООУ„Тошо Велков- Пепето„ Кавадарци, донесен од УО на ООУ ООУ„Тошо Велков- Пепето„ Кавадарци„;
71. Предлог-Одлука за давање согласност на Статут на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;
72. Предлог-Одлука за давање согласност на изменување и дополнување на Статутот на ООУ„Тошо Велков Пепето„ Кавадарци;
73. Предлог-Одлука за давање согласност на изменување и дополнување на Статутот на ООУ„Тоде Хаџи Тефов„ Кавадарци;
74. Предлог-Одлука за давање согласност на изменување и дополнување на Статутот на ООУ„ Димката А Габерот„ с.Ваташа;
75. Предлог-Одлука за давање согласност на изменување и дополнување на Статутот на ООУ„ Димката А Габерот„ Кавадарци;
76. Предлог-Одлука за давање согласност на изменување и дополнување на Статутот на ООУ„Гоце Делчев„ Кавадарци

    Точките 77, 78, и 79 СЕ ИЗЗЕМААТ од дневниот ред, понатаму редоследно се менуваат точките
77. Предлог-Одлука за примање донација на две патнички моторни возила од Друштво за производство, трговија и услуги “КОЖУВЧАНКА” ДОО увоз-извоз Кавадарци;

78. Предлог-Одлука за примање донација на специјално моторно возила од „Машинокоп„ Кавадарци;
79. Предлог-Одлука за формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кавадарци и Општина Неготино;
80. Предлог-Одлука за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кавадарци и Општина Неготино;
81. Предлог-Решение за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазив Климе„ Кавадарци;
82. Предлог-Решение за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ библиотека„Феткин„ Кавадарци;
83. Предлог-Решение за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;
84. Годишен извештај за постапување со отпад за 2021 година;
85. Иницијатива за ажурирање на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Кавадарци од сите ризици и опасности од Влада на Република Северна Македонија-Центар за управување со кризи-Подрачно одделение Кавадарци;
86. Наративен Извештај по Програмата „Св.Трифун 2022„ од Иновативa„Скопје;
87. Наративен Извештај од Здружение на млади Креактив-Младински Центар Кавадарци;
88. Информација за состојбата со лозарство;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Барање од лиценцирани превозници во Општина Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување на предложената точка на дневен ред .Кој е за .Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се надополни со точка 89

89. Барање од лиценцирани превозници во Општина Кавадарци

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред на денешната седница и тоа :

Предлог- Програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на Невладиниот сектор во Општина Кавадарци за 2022 година.

Согласно Деловникот молам за произнесување на предложената точка за дневен ред .Кој е за. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 90

90. Програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на Невладиниот сектор во Општина Кавадарци за 2022 година.

Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот дневен ред.

Бидејќи нема предлогот го ставам на гласање. Кој е за. Процедурално.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Има техничка грешка во точка 63 мислам по ново.

Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за работењето на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за периодот од 01.02.2021 стое, а треба да биде од 01.01.2021-31.12.2021 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Така е и на комисија така помина . Се слагам. Ќе се измене. Тоа е техничка грешка да.

Предлог Дневниот ред го ставам на гласање. Кој е за.

Преминуваме кон разгледување на првата точка од денешниот Дневен ред.

1. Годишна сметка на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на Совет, почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувани граѓани на Општина Кавадарци по денешната точка, Годишната сметка на Буџетот на Општина Кавадарци имам да кажам дека извршувањето на Буџетот за 2021 година е навистина за пофалба. Ретко која општина може да се пофали со ваква реализација на буџетот од 82, 56%, посебно ради тоа што оваа година бевме во пандемија на ковид и исто како да не сме биле во пандемија тековно се работело многу во нашата Локална Самоуправа и Општината. Не треба да застанеме тука и ние како советници, а воедно и Градоначалникот и целата Локална Самоуправа оваа реализација на овој буџет од 82,56% треба да ни биде потик на сите за понатамошно успешно работење. Посебно на сите позиции се забележани високи проценти на реализација и на остварување, посебно е голем процентот на основниот буџет, што значи тоа е репер, ни покажува дека успешно се работело и Градоначалникот и Советот и Локалната Самоуправа во 2021 година успешно ја вршела својата дејност. Кон ова се додава и работењето на сите институции кои се под локално ниво Комуналец, основните училишта, градинките. Не треба да застанеме тука. Ова треба сега да ни биде потик и нас како советници, а вооедно и на целата Локална Самоуправа и Градоначалникот да бидеме уште поуспешни во 2022 година. Се надевам дека успешна соработка ќе имаме сите во наредниот период да бидеме што поуспешни.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани присутни, почитуван Градоначалник, почитуван Претседател на Совет. Кога на дневен ред беа извештаите од работењето на Општина Кавадарци, предлог-буџетот, ребаланс на буџетот секогаш земав збор на тие теми, разговарав и конструктивно дебатирав околу сите бројки што беа во самите извештаи. Зборував и за извештајот кварталниот , кога ја имавме веќе сликата за завршната сметка во голем дел и тогаш анализирав и во детали и во кој процент, во кои ставки колку е исполнето и колку не е, така што оваа дискусија, сега нема да се навраќам во тој дел, само сакам да кажам некои мои констатации што се

битни во однос на завршната сметка. Значи како што кажа и колешката пред мене 82% е исполнет буџетот или во делот што нас посебно не интересира како Совет, во делот што треба да го оствари Општината како сопствени приходи, даночни приходи итн. се остварени 408 000 000 од планираните 507 000 000 или тоа е околу 80%. Ние разговаравме и вчера на Комисија за финансирање во врска со остварувањето и реализацијата на завршната сметка и навистина многу пати тоа се спомнува и од претставници од Секторот за финансии и од Градоначалникот дека Општината Кавадарци има реализирано навистина висок буџет во апсолутен износ. Значи тоа се над 400 000 000 денари и можеби тоа е за пофалба и добро е, но кога имаме поставено високо димензиониран буџет планиран на 500 000 000, тоа значи дека ако 80% се добро остварени во апсолутен износ, тоа се 400 000 000, значи тука имаме 100 000 000 неостварени и тоа е бројка во апсолутен износ што треба да се анализира и да се земе во предвид, затоа што тоа значи дека 100 000 000 ни треба нешто да не оствариме, да не ги потрошиме, во нешто треба да скратиме, од некои програми, расходи, инвестиции што сме ги планирале со претходниот буџет. Значи тука е делот на критиката поголем. Значи кажав и минатиот пат и сега ќе повторам значи дотациите се остварени, мал процент на неостварување на дотациите од централниот буџет и вчера кога присуствував на Комисијата за финансирање, ги разгледувавме сметките завршни на училиштата и секое училиште се пофали со инвестиции во нивното училиште, дали тоа е во кабинети, во спортска сала или во училници, значи сите имаа инвестиции благодарение најголем дел од тие инвестиции беа токму во потрошување на тие неискористени дотации, што им ги имаше доставено централната власт, што не беа искористени за тековно одржување за огрев итн. поради пандемијата. Значи можеше да се случе централната власт да ги повлече тие пари, бидејќи не се искористени, имаме ковид, имаме намалување на трошоците на училиштата, но беа оставени да училиштата да си ги потрошат за подобрување на условите за работење на секое училиште и тоа сметам дека е за пофалба. И уште една констатација на крај, сакам да кажам дека ние во декември направивме наплата на комуналии унапред што беа планирани за наредната година, со тоа ја подобривме сликата на финансиите за 2021 година, но на некој начин значи со секоја наплата на унапред на приходи во тековната од наредната година ја ставаме во ризик наредната година. Значи сега во наредната година треба да имаме во предвид дека треба уште повеќе да се работи и да се наоѓа начини за полнење на буџетот и за рационално и економично трошење на истите средства, заради тоа што знаеме дека условите за работење се тешки и дека тешко се остваруваат и приходите и заради тоа сите сектори треба да бидат насочени и кон остварување на приходите, но и кон рационално трошење на средствата, значи треба да бидеме насочени и на штедење и на рационално работење.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Почитувана јавност, еве сите почнаа да ја фалат реализацијата на буџетот, па и јас да се придружам. За поздрав е реализацијата на буџетот, но тоа што нас не загрижува како работничка партија и партија која што ги брани правата на работникот се секако привремените вработувања, како што и во сите други општини оваа недела имаме реакција и кај нас за привремени

вработувања од планирани 30 867 000 се реализирани 25 263 841 денар. Тенденција на политичката партија Левица е да сите вработени имаат регулиран статус, затоа што работниците вработени преку овие агенции за привремени вработувања како што ги нарекуваме не можат да ги остварат правата во работен однос заради тоа што тие имат работен однос кај таа агенција, а не кај работадавачот кај што ги исполнуват и работните задачи. Од привремени вработувања во Општина Кавадарци имаме најмногу нели во Рада Поцева односно детската градинка во Кавадарци каде што се околу 40, 40 во Локалната Самоуправа, кои што не работат сите во зградата на Локалната Самоуправа и околу 24 во другите институции, дали образовни, дали културни институции и јавни претпријатија во сопственост на Општина Кавадарци. Ова е доминантно технички персонал, а не се административци, и заради тоа е малку греота во однос на тоа како се тие можат да ги застапуват своите работнички права. Законот за работни односи предвидува вработување и на определено време, покрај неопределено време така да единствената причина за постоење на овие агенции за привремени вработувања според политичката партија Левица е да џебовите на нивните сопственици се полнат со буџетски пари и да да на овој начин, односно администрацијата пронаоѓа некојси начин на бајпас на законските регулативи и барања за вработувања, за партиски вработувања. Со плаќањето на процент на овие агенции за привремено вработување ние како Локална Самоуправа трошиме пари што вообичаено би биле доволни за да се надоместат уште неколку вработувања со регулиран статус, секако во оние институции и во Локалната Самоуправа во оделите каде што има недостаток од образован кадар. Јавна тајна е овие, како што кажав привремени вработувања се бајпас за систематизациите за вработувања и полнење на институциите со партиски кадри што во секој случај излегува неефикасно и се покажува како такво. Ова секако не зависи само од Локалната Самоуправа, туку и од централната власт, каде што моментално нема расположение за системски решенија кои би ги пресушиле изворите на пари на џебовите на сопствениците на овие агенции за привремени вработувања. И уште еден апел од моја страна кој што беше и Заклучок на вчерашната Комисија за финансии е да работата на трезорската сметка на Министерството за финансии продолжи да работи со тоа што вчера се пензионира единствениот вработен во таа трезорска канцеларија,. Прекинува да функционира истата што претставува голем проблем за вработените во сите правни лица во Локалната Самоуправа и централната власт многу добро знае да го реши овој проблем, човечки ресурси прашање на расположение како што ни беше демонстрирано и од пратеникот Минов. Тој знае нели да вработува во буџетски канцеларии за оддели за финансии, затоа што го покажа истото со вработувањето на својот син во буџетската канцеларија на Собранието на Република Македонија.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседавач на Советот, почитувани колеги советници, почитувани медиуми, почитувани жители на Општина Кавадарци. Во врска со годишната сметка на буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година сакам да истакнам дека овие податоци од кои е составена завршната пресметка се точна слика на остварените

приходи, остварените расходи и целокупното работење на општинската администрација, Советот на Општина Кавадарци и Градоначалникот на Општина Кавадарци. Јас со моето 31- годишно искуство имам составено, потпишано, поднесено околу 3500 годишни завршни пресметки за мали и средни претпријатија, невладини организации, буџетски корисници и самостојни извршители на дејности и други правни субјекти и по проверката на оваа завршна пресметка можам да констатирам дека бројките во обрасците на завршната пресметка се добро скоцкани и немам забелешка во професионалните способности на тимот кој што ги изготвувал овие годишни извештаи. Од анализата што ја направив на податоците внесени во завршната пресметка за 2021 година се потврдуваат моите веќе претходно кажани забелешки кога ги разгледувавме кварталните извештаи за работењето на Општината дека распределбата на буџетските средства не се прави рамномерно низ цела територија на Општина Кавадарци, односно руралните и селските подрачја се запоставуваат, а со тоа се запоставува и туристичкиот потенцијал, можноста за презентација на природните убавини и културните споменици што ги имаме во тие подрачја, национални, историски споменици, кои ги има во нашата општина, а треба да ги почитуваме, да ги негуваме и да им ги приближиме на останатите наредни генерации. Се надевам дека при усвојување на ребалансот на буџетот, кој што следи во идните периоди, ќе се земат во предвид овие мои забелешки. При изработката на ребалансот на буџетот сакам да се направи детална анализа за моменталната ситуација во која што се наоѓа нашата Општина. Наглото зголемување на цената на енергенсите, предизвикано од актуаленета светска економска криза и војната во Украина и да се преземат сите неопходни законски мерки со кои располага нашата Општина , како наменски и домаќински би се трошеле прибраните средства од буџетот во 2022 година. Во контекст на оваа точка од Дневниот ред би сакал да ја пренесам загриженоста на стопанствениците од нашата општина за информацијата дека канцеларијата за Центарален Регистар во Кавадарци во наредната година нема да постои. Ова би предизвикало голем проблем и трошоци за вработените во сите адвокатски, нотарски канцеларии, на околу 250 сметководители, овластени сметководители, како и на сите стопанственици од нашата општина. Сите овие субјекти би требало услугите од Централниот Регистар да ги користат во канцелариите во Велес или Гевгелија.Случајот пак со лицето вработено во Трезорот кој што има канцеларија во општинската зграда е уште позгрижувачки, имено ова лице веќе треба да замине во пензија и сеуште нема назначено вработено лице кое ќе го замени, а тоа значи дека после неколку дена, неколку недели сите налози за плаќање од нашата Општина, од општинските институции, како што се детската градинака, сите основни, средни училишта, МВР, Суд и Обвинителство ќе треба да ги носат во канцеларијата на Трезорот во Велес. За овие проблеми барам целосна подршка и единство, и на позицијата и на опозицијата во Советот на Општината, од советниците, од Градоначалникот, како и пратениците во Републичкото Собрание, кои се избрани од жителите на Општина Кавадарци . Ние мора да ги штитиме интересите на нашите сограѓани и да не гледаме само партиски поени да собират на говорницата, кога се однесува за некои клучни работи што се во интерес за

сите нас, треба заеднички, со заеднички став, заеднички сили да се решат тие проблеми.
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Јас имам една забелешка во однос на годишната сметка, а тоа е во делот на капиталните расходи. Сметам дека процентот на реализација на капиталните расходи е многу понизок од оној просечниот, кој што го спомна колешката Ѓорѓиева. Тука процентот е некаде 70% и не сакам ни да мислам дека доколку не била изборна година овој процент би бил уште помал. Овие инвестиции се најзначајни за граѓаните затоа што капиталните проекти како изградба на улица, патишта и останати објекти се од голем бенефит за граѓаните и тие мора да се реализираат на едно повисоко ниво.
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани граѓани, медуми, колеги советници, Градоначалник, Претседател на Совет. Јас за буџетот ќе се осврнам на капиталните инвестиции. Нема да биде контра реплика кон колегата, тоа е негово мислење. Мое мислење е дека капиталните инвестиции се на високо ниво и тоа точно 25% од вкупниот буџет, односно од 1 197 184 000денари, капитални инвестиции се 298 864 469 денари, реализирани расходи за купување на опрема, машини во вредност од 31 000 000 денари, буџетски расходи во износ од 24 000 000 денари, реализирани расходи за други градежни објекти во износ од 255 000 000 денари. Јас само мало потсетување со овие инвестиции што се е опфатено и тие инфестиции даваат најголема добивка за граѓаните, односно тие инвестиции се гледаат и ги задоволуваат нивните потреби. Во делот во 2021 година, реконструкција, изградба на улици и месни заедници и асфалтирање се асфалтирани односно улица Благој Дафков спој со улица Његош, улица 25-ти Мај спој со Ѓуро Ѓаковиќ, асфалтирање на партер Дом Ваташа, Моклишка, нова улица, улица Домовица, улица Ѓуро Ѓаковиќ, улица Глигор Прличев, улица Дисанска, крак пробивање, улица Ресавска, улица Иван Мазев, улица Ќиро Крстев спој со улица Крсте Мисирков два крака, улица Пиринска, улица 41-ва Дивизија, улица Наца Пинџурова, улица Црноречка, краци пробивање, улица Галишка спој со Западен Булевар, реконструкција на паркинг на улица Беласица, улица Јованче Велков, улица Февруарски поход, улица Преспа, улица Блажо Алексов, улица Западен Булевар крак, паркинг на улицата Ѓуро Салај со тротоари, улица населба Јасмин , Улица 5 Бел Камен. Во делот на тротоарите паркинг на згради Страшо Пинџур Силекс, улица Пане Џунов тротоар, улица Ванчо Николевски, спој со Боро Ваташки, улица Фуштани, улица Шишка крак, улица Доне Попов , улица Смилица тротоар, улица Дисанска крак, улица Браќа Хаџи Тефови, тротоар кај Шумска куќа, Браќа Џунови краци, улица Добри Даскалов тротоар, улица Битолска, улица Крсте Мисирков тротоар, улица Брушанска тротоар, улица Методија Џунов- Џикот тротоар ,улица на дол Калница, поплочување на тротоар на улица Народни Херои, поплочување на влезови на зграда, улица Беласица, улица Праведничка крак, улица Блажо Алексов споредни улици, улица Лазо Мицев и улица Лазо Калешков краци, улица Булевар Македонија, партерно уредување кај Симбимед, улица Ѓорѓи Соколов со Орце Николов, улица Цано Поп Ристов краци, улица Орце Николов позади Белка, улица Илинденска, улица 8-ми Септември околу згради, улица Западен Булевар тротоар, паркинг Цветан Димов,

патеки на згради улица Игман и во делот на селските заедници како што ги спомна колегата советник, таму има поплочување во сите месни заедници, таму процентот нели и ние сме нели да се зголеми, значи таму реализација е околу износ од 21 253 565 денари или 7,1% од вкупните инвестиции, што мислам дека не е така лош процент и ние се залагаме да се нели изградбата, односно и инвестициите во селските месни заедници, може да се подобри тој дел. Тоа ми беше.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака не е реплика само да ти сугерирам колега. Реализацијата на трошоците ти е од десната страна на колоната, значи ги имаш помешано колоните. Бројките што ги кажа се од планираното. Второ пред нас е завршната сметка, сме дебатирале и претходниот пат во однос на Кварталните извештаи, има одредени потфрлања во делот на завршната сметка во делот на приходите. Најголемо потфрлање е во делот на неданочните приходи, кадешто имаме реализација од само 15%, кој што е исклучително низок процент и кој што претставува слаба капацитет на остварување на приходите, а после тоа има соодветни реперкусии во делот на реализацијата на расходи и тука мислам дека првично е она што страдат е капиталните расходи. Скоро Градоначалникот спомна дека бил опструиран од страна на централната власт, јас ги гледам трансферите, гледам дека се исплатени до денар. Не знам зошто би бил опстуиран. Втора работа во делот на трошоците, во делот на наплатите едно од изборните залагања на Градоначалникот на претходните локални избори е дека општинската администрација била пренатрупана и ако ги направиме споредбите на трошоците кои што ги дава Општина Кавадарци во делот на плати, сега и пред 4 години, тој процент е за двојно зголемен. Значи тогаш Општина Кавадарци трошела некаде околу 30 000 000 денари за плати на вработени во администрацијата, сега троши некаде двојно зголемени и тоа најмногу се должи на зголемениот обем и на вработувањата во делот на јавната администрација, значи пред избори се зборува едно, после се прави друго. Тука е секако пак Градоначалник темата за долгот на Општината. Минатиот пат разговаравме и од извештајот на Општината јас добив други информации . Вака, ова е од 2017 година краткорочни обврски спрема добавувачи во земјата, вкупно 24 900 000, обврски кон добавувачи, од тие се 20 864 000 обврски према граѓани за експропријација 105 000, обврски за плати 3 800 000. Ако ги направиме споредбите во однос на оваа година, краткорочни обврски спрема добавувачи во земјата 237 403 000, кој што е неколкукратно повеќе во однос на пред 4 години кога станува збор за долгот од кој споредбите за обврски спрема добавувачи 2020 заклучно со 31.12.2021 157 790 000, или зголемување за 7,5 пати во однос на пред 4 години. Во делот на експропријацијата 8 500 000, зголемено за 8,5 пати, за плати се 5 000 000 , тука е секако кредитот од 65 000 000. Ова станува збор само за долгови кои што ги има Општината и кога станува збор за долг, тука влегува апсолутно се затоа што Општината без разлика дали е компанија , дали е физичо, дали е правно лице има обврска да ги плати тие средства и мислам дека Општина Кавадарци од една ниско задолжена општина, полека влеваме во делот, мислам сме веќе средно задолжени и полека влегуваме во општини кои што би биле високо задолжени. Го знам вашиот одговор, приходите се зголемени за двојно меѓутоа

долговите се зголемени за многу повеќе и тоа е состојба која што ме загрижува. Исто така во рамки на изборната кампања ве прашувавме дали одредени компании, пошто овде не е разграничено, дали одредени компании данокот на имот заради неликвидност на Општината е баран да биде платен однапред или дали се овие средства од 68 821 000 дали се за надомест за уредување на градежно земјиште или се за однапред платен данок на имот од страна на одредени правни лица.
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Вака не кажав само. Реплика имам кон советникот. Значи износот десно е реализација е точно, го кажав точниот износ 298 000 000. Тоа е реализација. Сега ако вас нешто не ви е, не знам како да објаснам, ако не ви е нешто Градоначалникот има таква голема реализација од 25 %, не знам што да кажам тоа е добро за градоти ние иден Совет 298 000 000 колку се, толку ли се. Колку. Не тоа се капитални приходи. Ти малце ги мешаш работите. Значи второ во делот на обврските, во делот на обврските, значи најголема обврска е обврската за пазарот, односно пак за капитален расход. Значи тоа е добро за граѓаните. Се праве нешто што не е изградено во последните 50,60 години од кога е изграден и тоа е најголем дел од обврските значи тоа е за поздравување .
ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитуван Претседател на Совет, почитувани советници, почитувани сограѓани. Пред се сакам да посакам денеска успешна работа на Советот пошто има доста точки и суштински работи, а вооедно еве денеска и официјално од мое име да му го честитам изборот на СДСМ за Претседател на Општинската Организација. Јас му напишав и порака синоќа и му посакав само 3 работи ум, разум и успех политички. Во делот на дискусиите кои се отворија во делот на Буџетот, горе, доле се конструктивни дискусии кои што сакам и јас малку да ги искоментирам, меѓутоа пред преминав во делот на буџетот сакам да се аргументирам во делот на советникот Круме кој што кажа многу суштински работи и мислам дека тие работи се едни од суштинските моменти во Општината и не треба да ги криеме воопшто. Во целост се согласувам дека Агенцијата за времено вработување е само при зголемен обем на времено вработување на Општината и на јавно претпријатие. За жал и кај нас и во други општини тоа го практикуваме како пракса за долгорочни стази, односно луѓе кои што работат повеќе од 3 години, а се во делот на Агенција за времени вработувања. Да тука губиме од две страни. Едно е тоа што на луѓето, статутот не му е решен во делот на вработеноста и правиме договори на месец или на три месеци, а второ е тоа што одреден процент помеѓу 3 и 6% Агенцијата за вработување, која што ја имаме добиено на тендер зима одреден надомест за да го вработе лицето, што за мене нема никаква логичност во цела таа ситуација. Тука морам да аргументирам и да кажам заедно да се заземиме сите без разлика на политичките опции. Вчера и на министерката за труд и социјална политика и напишав порака и и ги пуштив сите времени вработувања кои што ги имаме во делот на предучилишната заштита на Општина Кавадарци. 42 вработени работат во детската градинка. 42 . Воспитувачи 6, 12-14 негуватели и останатиот е дел е технички персонал садомијачи, хигеничари и остало Од министерката добив ветување дека во најбрзо време, ќе добиеме согласност, а таа согласност е легитимна затоа што ние пред неколку месеци отворивме нова градинка со 160 деца и дечињата кои што ни се згрижени

во предучилишното образование ни се зголемени од 700 на 1200 и самиот обем на работа да, предизвикува зголемен обем на работа и потреба од персонал, меѓутоа согласности за вработување немаме добиено. Ја добив и систематизацијата од самата градинка. Во систематизацијата комплетно сите 42 вработени може да се вклопат затоа што има празни места, значи не бараме зголемување на систематизација, не бараме зголемување на обем, него бараме МТСП да си ја исполни основната обврска да тие луѓе кои што работат 2,3,4 години да си добијата трајни решенија за вработување и со тоа мислам дека нас во таа институција во понатамошен тек, нема да имаме потреба ниту од едно времено вработување. Тука ќе заштедиме пари граѓански, ќе заштедиме општински пари, кои не се малку се над 15 000 000 денари годишно. Ветувањето го имаме и очекувам да тие согласности стигнат и ќе бидат транспарентни согласности. Нека биде ова и охрабрување за сите вработени кои што се таму без разлика на нивната надворешна определба тие се професионални во делот на работењето и во делот на обврските коишто треба да ги исполнат. Во делот на советникот Јован каде што кажа за Централниот Регистар,имав прилика да зборам со сегашниот раководител на Централниот Ригистер, кој што мислам дека веќе е во пензија, тоа е еден голем хендикеп за Општина Кавадарци, поради тоа што економски втор град, втора Општина во Републикава да остане без Централен Регистар, мислам дека нема никаква логика, така да еве надвор од сите партиски збиднувања, нека се пуште оглас, нека се вработи човек кое што тоа ќе ни биде голем проблем во функционирањето на компаниите, меѓутоа и за сите останати дејности. Исто така и во делот на трезорската сметка, преку Министерството за финансии со пензионирањето на дотичната личност, ние ќе треба да правиме дополнителни трошкови секојдневно патувајќи до Велес за една единствена работа, а тоа е реализација на платен налог, кој што мислам дека во 21 век не треба да биде ни помисливо, а не па да правиме такви трошкови. Еве тука можеме, мој предлог е да направиме еден Заклучок заеднички сите доколку се согласите како советници 19, или без разлика кој како мисле, да и до Министерството за финасиии и до МТСП и до Централен Регистер, односно до Централната Влада да испратиме еден допис дека со тоа Кавадарци ќе биде хендикепирано и дека нема да има можност да функционира нормално и економски исплатливо како што треба и да се пуштат тие огласи за вработување за тие две лица и овие преземања за давање на согласности во предучилишното заштита и образование на МТСП и тука кислам дека треба да бидеме единствени, објективни и јас гарантирам само едно дека со добивањето на тие согласности , нови вработувања во детската градинка нема да имаме, поради тоа што транспарентно, објективно, го пратив и списокот до Министерката кои се тие 42 лица коишто подолго време одат во делот за времени вработувања. Во делот за разговорот и со советникот Маневски и дискусијата која што беше водена, во делот на реализацијата на капиталните инвестиции за мене лично како човек претставува лична сатисфакција во делот дали е 70 или 80% е сепак позитивен, многу позитивен буџет и само едно да имате во предвид дека ние кога буџетираме, правиме бруто буџет, меѓутоа Општина Кавадарци поради нејзината атрактивност и комунална изграденост на сопствените тендери се јавуваат значи повеќе

компании, каде што негативната аукција е дел од сите тендери и еве само пример имаме некоја аукција без разлика за кое тендерирање, каде што знае да се спуште од 20 до 35%, во тој дел капиталната инвестиција е остварена, меѓутоа капиталниот расход финансиски е намален, затоа што ние сме предвиделе за реконструкција 20 000 000 , на тендер се добило за 15, 5 000 000 фактички не се реализирани како финансиски средства, меѓутоа се ребалансира само од тие причини, затоа што тоа е добро да имаме негативна аукција, нормално биде запазен и квалитетот. И во делот на Вуко советникот сакам да ми одговорам во делот на зголемувањето на плати . Да точно е. Со моето доаѓање во Општина Кавадарци 2017 1-ви ноември имавме тужбено барање од 64 вработени, каде што платихме 3 000 000 денари за минати години, каде што не му било пресметувано кариера и стаж, каде што ги усогласивме, 3 000 000 ги исплативме веднаш, само по тој основ добивме некаде околу 4 000 000 денари на годишно ниво зголемување на самата плата, меѓутоа во новата систематизација која што ја направивме зголемивме од 8 пожарникари на 27. Тоа се некаде околу 19 пожарникари нови, кои што дополнително го оптеретуваат буџетот без разлика што доаѓаат од блок дотациите и одат во бруто плата на Општина Кавадарци. На пожарникарите во минатотото К-15 не им беше исплаќано. Тоа го усогласивме и го исплативме. Тука е исто така зголемување на бруто плата и морам да се охрабрам и да кажам дека 70% од вработените во Општина Кавадарци, малтене и 80% се најмалку со едно скалило унапредени, а некои со 2 или 3 скалила во делот на раководните функции. Општина Кавадарци сега пополнета комплетно во сите сектори со раководители на сектори, заменици на сектори, одделенијата се комплетно пополнети со раководители на одделенија и сите други кои што кариерски заслужуваат и според оценувањето имаа можност се унапредени и тука имаме некаде само на годишно ниво 17 000 000 денара зголемување на плата по однос на унапредување. Тоа е исто така бенефит за доброто функционирање на Општината и транспарентното работење од страна на јавната администрација. Претходно за жал не било пракса да се унапредуваат луѓе и еден пример ќе го спомнам каде што една госпоѓа од Општина Кавадарци, јавна администрација примена помлад соработник, отидена во пензија помлад соработник. За мене тоа е нелогично и мислам дека треба на 4-5 години да се ревидира и да се прават унапредувања како што е пропишано и по закон за да може и една Општина или Јавно претпријатие да функционира како што доликува. Сега морам малку да се осврнам во делот на буџетот и ќе ми дозволите малку да елаборирам некои работи кои што вака искрено денеска сабајлево и јас се потсетив и мене ми претставуваат задоволство да ги кажам. Јас би ги спомнал овие во ланската година, мислам ќе се вратам и малку поназад кон капиталните инвестиции во Општина Кавадарци. Пред да почнам со нив сакам да додадам и да кажам дека менаџирањето е најбитна работа. Покрај тоа што од централната власт имаме можеби недоследности во делот на Централен Регистар и во делот на Трезорот мораме да ги пофалиме и менаџирањето, еве пример во Општа Болница, каде што имаме повеќе од 60 нови вработени за 2,5, 3 години со согласности веројатно, тие 60 нови вработени дозволија да имаме дежурства соодветни во болницата, дозволија да имаме Ургентен Центар и знаеме дека болницата и со ковид

пандемијата и со заедничката соработка и со Општината и со централната власт организира Регионален Центар за вакцинација Кавадарци е меѓу првите градови во делот на вакцинаирањето. Исто морам да го пофалам и работењето на Основниот Суд од Кавадарци, кој што е за пример во цела Република и е прв суд кој што почна со онлајн судење и со онлајн достапност на документацијата и други јавни институции кои што одат напред чекори. Тоа е за поздравување, без разлика од која страна доаѓаат и верувам дека и другите институции ќе се движат во тој правец. Во делот на капиталните инвестиции на Општина Кавадарци во изминатиот период сакам да спомнам во делот на спортот, изградба, реконструкција на сала Партизан, во Јасмин направивме трим патека и скејт парк, детски игралишта изградени на повеќе локации,ја пуштив во употреба новата сала во Тоде Хаџи Тефов, сала во Страшо Пинџур, сала во Димката Ангелов –Габерот во Ваташа, која што е во завршна фаза и треба да ја пуштиме за 15-тина дена, патеката до Моклиште со сите рекреативни содржини, кејот до Слога мостот, од Слога до Ваташа и во Ваташа завршено комплетно, фасади низ градското централно подрачје и во спортот морам да потенцирам и да кажам дека со моето доаѓање и сегашното фунционирање, коофинансирањето на спортските клубови е на 12 000 000 денари, а преходно беше на некојси 2 000 000 денари. Со тоа успеавме Тиквеш да го внесиме во прва лига, ГРК Тиквеш како ракомет да функционира во супер лига и мислам дека е благодет и успех на Општина Кавадарци. Би ги спомнал и реконструкциите и на фудбалското игралиште Тиквеш, во делот на травникот и доизградбата во делот на, ќе дојде, јужната трибина на ГРК Тиквеш. Тука нема што да криеме, ќе потенцираме и ќе кажиме дека во овие 4 години успеавме како Општина да направиме повеќе проекти, заедно со Советот, со целокупното функционирање, заедно со централната власт, кај што честопати знаеме тука да се препукуваме , меѓутоа тоа јавна тајна е дека имаме доста средства земено и од централната власт за изградба на сите овие споменати објекти коишто сега ги кажавме, а покрај тоа земаме средства и од Плански –Вардарски Регион, земени средства од многу делови како што се Швајцарска Амбасада, Норвешка Амбасада, Германска Амбасада, секаде каде што можеме да потенцираме и да аплицираме. Би го спомнал само булеварите. Кавадарци денеска наликува на еден град кај што ни завидуваат повеќе луѓе од Р.Македонија, кои што го гледаат тоа Булеварат од влезот на Росоман, Булеварот од влезот на Неготино, Северен Булевар кој што знаете во каква позиција беше,и при дождови и дупки и не се движеше, Западен Булевар од градските гробиштата до Кавадаречки Дол, пробивање и завршување комплетно растеретување на градот, улица Дисанска, која што се работи, централното градско подрачје, сите булевари во градот, сите улици , така да наликуваме на еден град кој што има многу добра патна инфраструктура и развој, а тоа ќе продолжи и во понатамошен текст на Општина Кавадарци. Тука би го спомнал мостот во село Ваташа, кој што беше критична точка со многу сообраќајни незгоди со многу несакани моменти, една инвестиција , заедничка со ЈПДП и Општина Кавадарци од 600 000 евра, патот за Дреново кој што во моментов е отпочнат да се реконструира, патот за Михајлово кој што веќе е во функција, Ладно Долче Крњево, кој што е изградба од Општина Кавадарци, дел од

Фариш, Мушов Гроб Мрежичко и би ги спомнал и влезовите во Општина Кавадарци, Кавадарци и Росоман преку ЈПДП Дреново Кавадарци и Неготино Кавадарци којшто сеуште не е завршен и мислам и очекувам да се заврши во што побрза форма оној дел што е останат од 300м.Би спомнал и поземната инсталација на Општина Кавадарци, колекторскиот систем, кој што беше долго уговарана работа и секој Градоначалник на секој мандат добиваше поени со изградба на колекторот, успеавме за година дена целокупно да го завршиме колекторот со должина од 2,5км и да трајно граѓаните ги решиме од таа нелагодна миризба и сега колекторот е завршен во целост, Водоводот којшто преку втората фаза на КФ Банка со ЈП Комуналец горната зона, заедно со Росоман, од 700 000 евра којшто е завршен во целост и е еден благодет кај што можам да потенцирам и да кажам дека Општина Кавадарци има повеќе од 60 % реконструирани водоводна линија. Тука спаѓа реконструкцијата комплетна и на водоводот во село Сопот, комплетната реконструкција на водовод, канализација, атмосферска на Клинска, Методија Џунов -Џикот и асфалтирање, Дабниште за првпат доби водоснабдување после долго време, Ресавски Залив доби водоснабдување, Брушани и населба Брушанска со 750 приклучоци во моментов преку ТАФ на програмата преку Влада работиме на комплетно водоснабдување на самиот дел од целото Тиквешко Езеро, Заливот токму Брушани од ХЕЦ Тиквеш па до мислам дека се вика Модрите Стени. Во Возарци моментално се работи на колекторски систем за опфаќање на канализационата мрежа и наредната година ќе работиме реконструкција на атмосферска и канализациона мрежа односно одвојување на двете мрежи. И морам тука да потенцирам, пред се да се заблагодарам и на директорот од Комуналец и на целокупните раководители и работници во Комуналец, каде што успеавме за овие 4 години да направиме многу реконструкции и нови линии кои што ги обновуваме со финансирање од Комуналец и со нивното залагање и постоење. Само една паралела, повеќе од 15 000 м. должни водовод и канализација прави сега ЈП Комуналец, за споредба претходно тоа било 3-4000м. должни. Во делот на сообраќајот сакам да спомнам и да кажам дека Кавадарци веќе наликува на еден град каде што има регулиран сообраќај, од промената на семафорите, па до поставувањето од 4 години на 2700 сообраќајни знаци, значи да точна е бројката, 2700 сообраќајни знаци ставивме за 4 години. Кавадарци немаше сообраќаен знак, регулирањето на паркирањето, кое што е регулирано заедно со ЈП и функционира во делот на претежно градското подрачје и околината за безбедно паркирање одбележано, кружните текови, морам да ги потенцирам Видео Смилевски, кружен тек кај Тиквеш, сериозни кружни текови, кружниот тек, регулирањето кај првиот триаголник, кај Партизан салата, кај Булевар Минчев, 7-ми Септември, тоа е регулирање комплетно на сообраќајот со решавање со кружни текови. Уличното осветлување не можам да не го спомнам, кога имаме над 600 нови столбови Западен Булевар, улица Шишка, новиот булевар, централното градско подрачје, негде околу 20 000 м. или 20 км. нова подземна инсталација со 600 нови столбови, со над 3000 нови светилки, Кавадарци 2017 имаше 2750 светилки официјално, сега ажурирани податоци имаме заедно со сите светилки кои што ги имаме поставено 6500 светилки со соодветна јачина на

светење, со димирање, со лед светилки и уште една работа, автоматското гасење и палење на светилките кое што ви го кажувам вака народски и димирањето за заштеда на струја и тоа е благодет Кавадарци што сега плаќа само 600 000 денара струја за споредба еден исти град од Кавадарци 6500 светилка со моќност малтене тука некаден, тоа е Велес кој што плаќа 4 000 000 денара улично осветлување. Значи заштедата од уличното осветлување си го направи своето да можиме да инвестираме и Кол Центарот заедно со Мој Општинар како сектор и со техничкиот дел, во делот на поставувањето на 240 камери заедно со ОВР Кавадарци и другите елевантни институции добивме безбеден град, добивме еден град кај што кривичните дела и прекршочните дела се решаваат над 70%, а за разлика на тоа обемот на кривичните дела е намален и на прекршоци, а поготово обемот на хулиганство и уништување на урбана опрема. Во делот на школите сакав да потенцирам и да кажам дека Општина Кавадарци сите основни и средни училишта, да заедно со Владата, заедно со Министерството за труд и социјална политика, сите школи ги изреновиравме внатрешно, ентериер одличен, добивме санитарни услови одлични, греења еколошки на неколку школи, не би ги потенцирал, само би потенцирал три работи, дека до пред една година Дреново, Марена и Бегниште се грееја на индивидуално греење по училници со ќумбе. Сега имаат централно греење со парно греење, на пелети или на електрична енергија каде што имаат услови соодветни за работа, а покрај тоа успеавме да сите школи ги опремиме и кабинетски и да добиеме во Средното Училиште Ќиро Спанцов-Брко грант од 700 000 евра, кој што сеуште не е опочнат да го работиме, Шумарското Средно Училиште доби еден нов изглед, една нова модерна, училишна институција, заедно со техничко опремување и исто Гимназијата како средно училиште ги доби сите потребни работи со комплетно реновирање внатрешно, тука сакам да потенцирам и да кажам дека покрај тоа успеавме да имаме и средна паралелка за музичко образование, која што беше 30 години барана работа од жителите на Општина Кавадарци, и од сите претходни Локални Самоуправи. Исто сакав да му се заблагодарам на сите директори на основното и средното образование и за нивното максимално колективно залагање и работење во делот на образованието. Во делот на предучилишната заштита, не можам да не ги спомнам тоа е градинката, отварањето во Здраствениот Дом во Кавадарци, отварање градинка во Марена, отварање градинака во Возарци, проширување на градинката Ваташка со две занимални, проширување на градинката во Пепето школото со 6 занимални и новата градинка на улица Ресавска, која што е еден голем благодет, а тоа е од 700 дечиња, сега 1200 дечиња сместени дечиња и доколку не е пандемијата и не се ковид мерките нас нема ниедно дете да ни биде занемарено во делот на предучилишнота заштита, односно за сите имаме капацитет да ги сместиме и донациите од компаниите, коишто ги добивавме и за основното образование и за средните, со прочистувачи на воздух, со дактички средства, со целокупното опремување и работа на самите институции. Во делот на културата, сакам да спомнам дека изградивме Вински Музеј во Градскиот парк, покрај реконструкцијата на Градскиот парк комплетна еден Вински Музеј во кој што имаме до 5000 посетители. Тоа е Регионален Вински Музеј, прв изграден на Балканот, Винотека за семејните винарии, на

наша иницијатива формирање на семејни винарии и подигање на свеста за самите винарии. Покрај тоа околу културата би ги спомнал и манифестациите Св. Трифун, Тиквешки Гроздобер, Нова Година, а најголемото значење одсекогаш сме го давале на Тиквешкиот Гроздобер, кај што успеавме 2018 и 2019 да имаме во еден момент, во еден настан главен, централен , повеќе од 50 000 посетители, да бидеме главна тема во цела држава, а со тоа го занемаривме и Пиво Фестот, занемаривме и многу други и добивме признание за најдобар настан на годината за 2019. За жал 20 и 21 заради пандемијата не се одржа цело тоа. Дај боже да сега сме во ред, па да можиме оваа година да можеме тоа да одржиме како Тиквешки Гроздобер пошто да не заборавиме дека Тиквешкиот Гроздобер е можеби еден од најстарите настани каренвалски во цела држава, кој што има историја и кредибилитет и треба да го негуваме. Во делот на екологијата давањето на субвенции на грејни тела, давањето субвенции на велосипеди и субвенционирање на луѓе со хендикеп, купување на две возила за луѓе со попреченост во делот на нивната мобилност, пошумувањето коешто заедно со ЈП Македонски Шуми, гледаме да го практикуваме заедно со Шумарското училиште и исто така тука би ги спомнал подземните контејнери кои што практикувавме и практикуваме да ги местиме , меѓутоа и износот на комунален смет, кој што нема територија во Општина Кавадарци каде што не се изнесува комуналниот смет, а вклучувајќи ги и ридско-планинските села како што е Чемерско, Конопиште, Мрежичко, Бојанчиште, а за возврат на тоа сакам да направам една паралела дека претходно износот на смет не беше вршен ниту во село Дреново, ниту во село Сопот, а па да не зборуваме и за другите села како што сега ги напоменав кои што се многу подалеку од Општина Кавадарци иствараат стварно голем трошок, нерентабилен на ЈП Комуналец, меѓутоа ЈП Комуналец мислам дека со неговото работење и со домаќинското работење ќе постигне да се справе со сите негови предизвици. Не би сакал да оптеретувам повеќе со проекти, граѓаните добро знаат како живееме денес, во каква инфраструктура, со кој квалитет, со која хигиена на градот, со која услуга и со каква одговорност на Општината и со каква достапност на самата Општина, ако ништо друго денеска нашите вработени во Општина Кавадарци сите се одбележани, жигосани со по еден беџ што го носат на самото тело, така да барем да ги препознаваме дека се вработени во Општина Кавадарци. Би се осврнал само уште на една работа во делот на буџетското работење и во делот на прибирањето на средства во делот на економијата, која што ми е омилена така гранка, да ја коментирам. Со доаѓањето како функција Градоначалник Општина Кавадарци имаше основен буџет од 180 000 000 денари. Основниот буџет на Општина Кавадарци рекордно го постигна 21 година и покрај пандемијата и сите работи во континуиран раст од 410 000 000 денари. Тоа е некаде зголемување за 3 пати на основниот буџет на самата Општина, меѓутоа не е само тој факт најбитен, најбитен е фактот според мене, доаѓањето 2017 година и денешното разговарање на буџетот, а пред се на 21 гледање основниот капитал на Општина Кавадарци во 2017 е 700 000 000 денари, 12 000 000 Општина Кавадарци имала основен капитал на располагање. Денеска сигурно видовте во вашите извештаи од завршната сметка Општина Кавадарци раполага со 2 300 000 000 капитал. 2 300 000 000 капитал, ти се 40 000 000 евра во однос на 2017 на 12

000 000 евра. Значи капиталот на Општина Кавадарци за 4 години е 3 пати зголемен во однос на продуктива или изнесува сега 40 000 000 евра. Основниот долг на Општина Кавадарци од краткорочни обврски во 2017 како што го споменавте бил 32 000 000 денари према добавувачи , меѓутоа тука Секторот за финансии има направено еден пропуст каде што долгорочниот заем од претходното работење на Градоначалникот 2017 не е земен во обзир, а тоа е долг од 32 000 000 денари за енергетска ефикасност на училиштата, така да тогаш било 67 000 000 денара како основен долг или во проценти ако го земиме и го изразиме основниот долг бил 10 % од вкупниот капитал на Општината. Во моментот основните обврски на Општината од 120 000 000 денари краткорочни доколку ги земиме во предвид со основен капитал на Општината од 2 300 000 000 се 5% или ако ги земиме од основниот буџет 410 000 000 денари основен буџет со задолжувањето на Општината, кое што е тековно е 30 % во моментот или 2017 ако го земиме е 40% од основниот буџет. Така да во ниедна прилика Општината не е средно задолжена, ниту оде накај многу задолжена по однос на критериумите кои ќе ги земиме како параметри. Тоа ти се основниот капитал, основниот буџет и задолженоста на Општина Кавадарци. Да, за да го дигниш капиталотод 700 000 000 на 2 3000 000 000 треба и да се задолжиш, треба и да работиш и тука имаме една замерка на Секторот за финансии што разговаравме вчера, обврските кои што ги имаме, а се повеќегодишни, тие ги книжат во делот на доспеани обврски.Треба да се разглобат и тоа еве Цане те замолувам да се исправи таа работа. Значи 120 000 000 не е долгот на Општина Кавадарци во моментот, кога ќе ги извадиш долгорочните задолжувања кои се 2 и 3 годишни е 75 000 000 оперативен долг, кој што треба да го реализираме наредниот месец или понаредниот месец и тоа воопшто не е загрижувачки и тоа е тековно прибирање на средства. Мене ми е чест и задоволство што стигнавме до тука и би бил наајсреќен ако успееме на крајот од овој мандат и ако успееме од овие 2 300 000 000 денари, да ја реализираме нашата програма за 2022 година, да ги реализираме и наредните 3 програми и стигниме со капитал на Општината од незнам 3-4 000 000 000 денари кај што ќе бидеме една Општина која што ќе има многу капитал, една Општина која што кога ќе има многу капитал, ќе има и основен буџет зголемен и ќе го врати тоа на самите сограѓани во делот на нивното дневно функционирање, да бидеме посакувана цел и во делот на туризмот и во делот на соживот, меѓутоа најмногу во делот на она што треба да ги вратиме на граѓаните.Верувам дека сите сме тука дојдени за иста работа. Тоа е само да можиме што подобро да направиме да граѓаните се почувствуваат и побезбедно, имаат подобри јавни услуги, имаат подобра комунална инфраструктура, имаат подобар културен живот, работиме на екологијата да го дигниме нивото на граѓанство и мислам дека тоа ќе биде нашиот благодет, кој што ќе остане позади нас.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели од место ако е контра реплика. Мелов реплика?

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во претходните дискусии испуштив да споменам дека запознаени сме ние како субјект за проблемите кои што беа споменати и во дел на Централен Регистар и во дел на трезорската сметка тоа ќе биде и наше

залагање да тие работи се решат побрзо, значи еве ќе се залагаме да тие работи ги решиме, да не го оставиме градот. Друга работа Градонаалниче вие си земавте податоци кои што вас ви одговараат и добро, нормално е тоа да го правите. Да , да од иста книга, тука пише 24 900 000 краткорочни обврски спрема добавувачи. Дали е пропуст или не , јас не знам, јас го земам ова од извештајот. Од другиот извештај шт го земам гледам пише 237 и ви ги набројав по ставки долгот, ако ги направиме така споредбите за 9,5 пати е зголемен. Правиме, зборуваме за обврски дали спрема приватни, како се вели, правни лица, спрема физички лица. Исто така други поенти кои што мислам дека требаше да се споменат во делот на спортот и во делот на ваучерскиот систем кој што е сериозна подршка за спортотод стана на централната власт, значи ние одвојуваме точно е дел, е зголемен делот кој што го одвојуваме за финансирање на спортските клубови, меѓутоа пред некоја година се воведе и ваучерски систем кој што исто така сериозно помага во делот на финансирањето на клубовите. Јас немам податок за точната цифра, меѓутоа и за ракометот има.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас имам податок Општина Кавадарци, не Општина Кавадарци значи ГРК Тиквеш за 22 година има добиено ваучер од 6 400 000 денара од Владата и од Агенцијата за млади и спорт, а. ГФК Тиквеш има добиено 2 500 000. Тука имавме мала забелешка зошто е 2 500 000, затоа што е многу ниско за права лига. Критериумите за добивањето на ваучерот е како и кај нас што ги имаме критериумите за добивање на бодирање за средства за спорт се зимаат од претходната година, затоа што претходната година игравме во втора лига фудбалот ќе добие поголем ваучер дури наредната година што е сепак за поздравување и е помош, меѓутоа не заборавајте и дека Општина Кавадарци со 12 000 000 денари кои што ги дава како попдршка за спортот учествува некаде околу 30% во вкупниот облог нафинансирање на самиот клуб..

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Со тоа е исцрпен претресот по првата точка за годишната сметка на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година. Ја ставам на гласање. Кој е за. 14 за. Против 5. Констатираме дека е усвоена годишната сметка на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година.

2. Годишен Извештај за работењето на Општина Кавадарци за 2021 година;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. 14 за. Против 5. Констатирам дека е усвоен Годишниот Извештај за работењето на Општина Кавадарци.

3. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година;

Дали некој бара збор. Колку за потстување за оваа Програма за изработка на урбанистички планови сакам да ги пофалам како Претседател на Совет службите на Општина Квадарци вчера сите советници добивте на вашите мејлови е-катастар на Општина Кавадарци што е едно унапредување на прегледот на катастарски парцели на територијата на Општина Кавадарци. Една пофалба до Општина Кавадарци и до нивните служби за самата апликација.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Мислам дека беше крајно време, бидејќи колку беше 5 месеци работиме да, веќе 5 месеци работиме , а немаме увид ни во катастерски парцели, ни во ништо и сакам да кажам дека овака наслепо оваа работа мислам

дека е трета точка за фотоволтаици, али и за другите две кои што се урбанистички планови, јас наслепо не би ги гласал.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Не е никаков проблем. Точката ја ставам на гласање. Кој е за . Кој е против. Едногласно усвоена.

4. Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УЕ5, Блок 5.4, „Младински„ КО Кавадарци град, Општина Кавадарци плански период 2020-2025;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Кој е за. Кој е против. 13 за. 5 воздржани.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Во ред гласањето е завршено, меѓутоа ако треба нешто да се дополне во делот на увидот на електронската достапност на секој детален план. да мислам дека секторот за урбанизам дали е тука или Аце ти како ИТ Сектор, Драган мислам дека е во ред да имате комплете увид и ова е за развој на ИТ секторот и за развој на домаќинството, значи не е добро да не бидите запознати кога е нешто во интерес на граѓаните.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во текот на вчерашниот ден сите советници, бидејќи на кординација разговаравме, добивте на вашите мејлови лозинка и пасворд. Ако имате проблем во најавување или било како проблем околу имплементацијата во самата апликација Е-Катастар Кавадарци, може со службите тука да седниме и да видиме што е проблемот. На сите вчера е пратено Градоначалник.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Прва работа вчера добиваме пристап после 5 месеци членови на Совет. Вчера ни треба да ги разгледуваме ДУП кои што е една сериозна документација. Јас немам ништо против ако е во дел на развој на градот, меѓутоа да гласаме нешто за што не знаеме за што гласаме. Јас не би сакал да во тој дел се впуштивме, иначе не е ништо спорно.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Една кратка реплика. само Не е точно дека сега се добиват. Јас побарав пред 2 месеци, добив и јузер нејм и лозинка значи. Имам пристап на е-урбанизам уште пред 2 месеци, отидив во службите, побарав и ми дадија. Па не знам зошто, еве некое недоразбирање има. Сакам да кажам сега, пред 2 месеци ми е добиен.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи ако може тоа да го надминиме за понатамошните планови, пошто сепак пак ќе потенцирам, тоа е во интерес на граѓаните, во интерес на бизнис секторот, не е во ничиј друг интерес носењето на ДУП и барање на самите граѓани. Еве сега имаме во изработка ние 12 урбанистичи планови, за урбана заедница Центар, не знам за Опитно Поле, за Задруга, за сите.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака беше побарано од моја страна уште на втора седница имаше 2 урбанистички планови, ми се чине за Мрежичко и за делот кај Ла Луна Да.. Јас уште тогаш побарав и од тогаш одговор немаме. Јас и уште немам одговор и не ни важно.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред е значи ајде да значи ,од сега па натаму имате јузер нејм, имате пасворд, слободно секој советник, било каков проблем со техничката служба, Александар е тука, да се обрате кај него. Од вчера сите советници еве Тони Нешковски.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Претседателе суштински, со овој план не секогаш се носе Младински се потврдува намената на Новиот Суд, на Пионерскиот, на Младинскиот Дом и на другата парцела која што е напуштена 40 години и мислам дека ви е од интерес да учествувате во таа работа, пошто тоа е една урбана заедница, која што беше напуштена 40 години, а сега можеме да комплетно оплемениме и направиме. Ок во ред.

5. Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план заУЕ 11, дел од Блок 11.1 „Киро Спанџов„ КО Кавадарци град, Општина Кавадарци, плански период (2018-2023);

Дали бара некој збор.Отварам претрес. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Воздржани 4. 15 за.

6. Предлог-Програма за одржување на јавни санитарни кабини во Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали бара некој збор.

СОВЕТНИЧКА РАТКА РОСОМАНСКА: Почитувани граѓани, почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник, почитувани колеги советници, почитувани медиуми и останати присутни. Ја подржувам програмата за одржување на јавни санитарни кабинети во Општина Кавадарци, бидејќи како град кој се стреми да биде модерна урбана средина има потреба од вакви јавни тоалети, кои ќе бидат целосно санирано исправни и чисти. Голем дел од граѓаните имаат резерва за користење на овие кабинети, токму поради хигиената, без разлика дали истите се исправни или редовно се чистат. Затоа предлагам да дел од овие кабини во иднина се заменат со јавни тоалети од цврста градба и тоа на места каде што има голема фреквенција и тоа на Градскиот Парк, Спортската Сала Јасмин, пешачката патека и црквата Св. Петка, со што ќе имаме подобро визуелно изглед и ќе се вклопат нели во целата околина. Во овие јавни тоалети може да се вработат и двајца лица кои ќе ја одржуваат хигиената на истата, така да половина од средствата за овие јавни санитарни кабини ќе бидат наменети за плати, со што ќе се реализираат и неколку вработувања посебно од социјално ранливите категории. Доколку овој предлог не може да се вклопи во комуналната изградба за 2022 година, истата да биде во Програма за комунална изградба за следнава 2023 година со што Кавадарци ќе добијат јавни тоалети како што заслужува еден модерен, урбан град, на задоволство за граѓаните во Општина Кавадарци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор Предлог-точката со Барањето Заклучокот на советничката го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

7. Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година(опремување на сензорна соба во рамките на Дневниот центар за лица со попреченост во Општина Кавадарци);

Отварам претрес по оваа точка.

СОВЕТНИЧКА РУЖИЦА РИСТОВ: Почитувани граѓани, медиуми, советници, Претседател на Совет, Градоначалник јас би сакала да го поздравам и да го пофалам овој проект за опремување на сензорната соба во Дневниот центар за

лица со попреченост . Вакво нешто на градот му треба и не само една сензорна соба, затоа што со оваа сензорна соба се олеснуваат значи сензорните дразби на овие лица и се помага во нивното колку, толку нормално функционирање во градот. Со тоа се докажува нели дека Кавадарци се залага за сите групи граѓани на градот, но би било и еден потик за уште неколку сензорни соби во градинките или во училиштата за жал затоа што се повеќе има деца со посебни потреби образовни и овие сензорни соби се од многу голема важност за функционирањето на новите образовни и воспитни програми.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам советничке. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

**8.** Предлог-Одлука за кофинансирање на Проектот„ Изградба на водоводна линија, фекална и атмосферска канализација на ул„Лазо Асијата„;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Заедно со Амандманот. Едногласно усвоена.

**9.** Предлог-Одлука за кофинансирање на Проектот„Доградба на потпорен зид (заштита на инфраструктурни линии на ул„Клинска)„ ;

Отварам претрес по оваа точка.Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

**10.** Предлог-Одлука за кофинансирање на Проектот„ Реконструкција на атмосферска канализација во с.Возарци (со разделување од фекална канализација„ ;

Дали бара некој збор. Пред малце Градоначалникот не обавести за тој проект. Бидејќи никој не бара збор, ја ставам точката на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

**11.** Предлог-Одлука за кофинансирање на Проектот„Регулација и уредување на речното корито на Овчка река„ ;

Отварам претрес по оваа точка.Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

**12.** Предлог-Одлука за давање согласност за судско порамнување РО бр.7/22;

Да сите заедно. Во ред . Прифатено советниче.

Од 7 до 64. Дали бара некој збор. Од точка 12 до точка 30. Бидејќи никој не бара збор, го ставам на гласање. Кој е за.

31. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.77/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Дали бара некој збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Кој е за.

32. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.74/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Дали бара некој збор . Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.

33. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на спорт и млади во 2021 година;

Дали бара некој збор.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Програмата за спорт дали е ми се чини дека, од Извештајот видов дека има одредени средства кои што не се поделени, дали ќе се вметнат за Буџетот во наредна година или тие нема да се исплатат воопшто.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Колега значи на претходна Комисија добивме објаснување од страна на службите. Сите оние клубови, кои што имаат поднесено за финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци од областа на спортот соо поднесени извештаи финансиски, финансиски извештаи за искористени средства до 31.12.2022 ќе ги добијат сите средства, значи че се исплатат средствата до крај за оние клубови кои што не ги добиле сите средства за кои што аплицирале.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

34. Известување за работата на Одделението за внатрешни работи Кавадарци за 2021 година, со арх.бр.22.23.6-550/2-22 од 04.02.2022 година, доставено од Секторт за внатрешни работи Велес, Одделение за внатрешни работи Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

35. Годишна сметка на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на СОУ Гимназија„Добри Даскалов„ Кавадарци;

Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за.Едногласно усвоена.

36. Годишна сметка на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на СОЗШУ„Ѓорче Петров„ Кавадарци;

Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за.Едногласно .

37. Годишна сметка на СОУ„Киро Спанџов -Брко „ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на СОУ„Киро Спанџов -Брко „ Кавадарци ;

Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Едногласно усвоена.

38. Годишна сметка на ООУ„Тошо Велков -Пепето „ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на ООУ„Тошо Велков -Пепето „ Кавадарци ;

Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Едногласно усвоена

39. Годишна сметка на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на ООУ„Страшо Пинџур „ Кавадарци ;

Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, ја ставам на гласање.

40. Годишна сметка на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Никој не бара збор, ја ставам на гласање.Едногласно усвоена.

41. Годишна сметка на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа за 2021 година, донесена од УО на ООУ„Димката Ангелов Габерот„ Ваташа;

Никој не бара збор, одиме со гласање. Едногласно усвоена.

42. Годишна сметка на ООУ„Тоде Хаџи -Тефов „ Кавадарци, донесена од УО на ООУ„Тоде Хаџи -Тефов „ Кавадарци за 2021 година;

Бидејќи никој не бара збор, одиме на гласање.

**43.** Годишна сметка на ООУ„Гоце Делчев „ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на ООУ„Гоце Делчев „ Кавадарци ;

Кој е за. Едногласно усвоена.

**44.** Годишна сметка на ООМБУ„Лазо Мицев -Рале „ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на ООМБУ„Лазо Мицев -Рале „ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Не бара збор никој. Кој е за. Едногласно усвоена.

**45.** Годишна сметка во ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор. А се извинувам. Веса Богева повели.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Значи завршна сметка ЈП Паркинзи кога ни е на дневен ред редовно земам збор со цел да ги следиме состојбите и ги кажуваме нашите, моите констатации и тоа што сме заклучиле на Комисија за финансирање. Значи разговаравме вчера на Комисија за финансирање и ја гледавме сметката, имаше Извештај директорот и главната констатација за оваа завршна сметка од мое гледање е тоа дека. Значи успеа ЈП да заврши со помала загуба, значително со помала загуба во однос на 2020 година, но сепак е со загуба од околу 600 000 денари. Мал дел е зголемување на приходите на ЈП од редовното работење, него тука имаме зголемување на приходите, дотациите од Општината значи во 2021 година ЈП Паркинзи има добиено дотации повисоки во однос на 2020, кои заедно со приходите од државната подршка Ковид се за околу 2 700 000 и има исто така веќе во 2021 година како редовни приходи се јавуваат и приходи од фарбање , но тие приходи ЈП ќе ги задржи наредната година во 2022 , сега во 2022 значи направивме некои промени во зоните со цел да се зголемат приходите на ЈП, значи се направи промена во Статутот на ЈП, ќе има нова дејност.Сето тоа е со цел да се зголемат приходите и очекуваме зголемување на приходите од новиот, мислам од реновираниот пазар, мислам од тие нови паркинг места. Значи не е планирано според буџетот на Општина Кавадарци да ЈП Паркинзи добие 5 000 000 или 6 како тие планираа, него ќе има само 3 000 000 денари. Тоа значи дека ЈП во 2022 за околу 3 000 000 треба да има покачување на редовните приходи се со цел да биде покриена и загубата , да бидат покриени тие пари што претходно ги добивал од Општината, но мораме да ставиме акцент на расходите. Значи ЈП во 2022 година не треба да има покачувае на расходите за да успее да заврши со некој прифатлив финансиски резултат или да има толку приходи колку расходи. Му беше сугерирано на директорот дека треба да внимава во тој дел и дали ќе може со тие вработени сега што ги има, да ги покрива новите паркинг зони. Нормално дека за новата дејност за училишниот сообраќај ќе има таму вработувања, значи нема кадар за да ги покрие работните места возачи на тие автобуси, но во тој дел ќе биде искористена администрацијата, но тука значи постое ризик, сомнеж и кај директорот дека колку ќе може со тој персонал сега што го има, затоа што вика и сега има проблем во покривање на теренот и заради недоволна покриеност на теренот направиле некои мерки внатре во редовното работење, во организацијата и следење на луѓето што се на терен со цел да бидат

порационално тие луѓе искористени и приходот да биде подобар, но со овие нови паркинг места тука ќе има проблем и треба акцентот во 2022 во ова ЈП да се стави во реорганизација на вработените, колку има можност тие вработени што се таму да се направи таква реорганизација, да бидат максимално искористени за да можат да ги остварат планираните приходи, затоа што имат поле за работа. Се што прави овој Совет со сите тие одлуки досега ги носевме, на отварање на нови паркинг места, нови зони, нова дејност се прави за зголемување на приходите и тука мораме да ја следиме ситуацијата и да бараме од ЈП да бидат во делот на, бидејќи платите како што знаеме најголем дел од трошокот се платите. Значи тука треба да се води сметка и да ќе ја следиме состојбата значи ЈП мора да застане на здрави нозе како што многу пати досега сме дискутирале.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Се извинувам повели.

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Јас сметам дека, сакам да ги прашам надлежните, но гледам нема никој. Како главни носители на дејноста на ова претпријатие се токму тие контролори од терен и сметам дека е нарушен соодносот на административни вработени и контролори на терен и сметам дека решавање на овој проблем е клучен во тоа да се зголеми приливите на средства во ова претпријатие се со цел да постигне поголема ликвидност.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во текот на вчерашниот ден кога беше на тема разговор оваа точка директорот беше тука, не известија дека од вкупните вработени моментално има околу 10,11 контролори. Има непропорционално, меѓутоа сега со зголемување на дејноста, надлежноста на самото претпријатие бидејќи има промена на статусот, ќе се направе нова систематизација и се надевам дека тој проблем ќе се надмине.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Негативниот финансиски резултат кој што го остварува ЈП Паркинзи е помал во однос на претходните години. Тоа се должи ради тоа што минатата, мислам пред минатата година 2020 година имавме ковид рестрикции и полициски часови и сето тоа си има одредени реперкусии. Мислам дека е добро што тој наш Предлог и Амандман кој што беше на Буџетот на Општина Кавадарци за 2021 година со кои што се постигнуваат два ефекти, од една страна добиваме јавен превоз во Општина Кавадарци, а од друга страна правиме заштеда на одредени средства, кои што се трошат во делот на транспорт на ученици. Мислам дека со кооптирањето и со проширувањето на дејноста, која што беше исто така наша определба на тој начин би се ставила, ЈП би се ставило во некаквиси одржливи основи на среден и долг рок.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Бидејќи никој не бара збор за оваа точка, истата ја ставам на гласање. Кој е за. 13 за. Воздржан 1. Против 5.

46. Годишна сметка на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2021 година донесена од УО на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Кој е за. Едногласно усвоена.

47. Годишна сметка на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов -Климе„Кавадарци за 2021 година, донесена од УО на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов -Климе„Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка . Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

**48.** Годишен Извештај за работа на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов-Климе„ Кавадарци за 2021 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов-Климе„ Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

**49.** Годишна сметка на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

**50.** Годишен Извештај за работа наЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци за 2021 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ Библиотека„Феткин„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка . Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

**51.** Годишна сметка на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци;

Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Да . Едногласно усвоена.

**52.** Годишна сметка на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈОУ„Локален Музеј Галерија„Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка . Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. 5 против. 14 за.

Значи од 53 точка до 59 за ЈП Комуналец.

**53.** Годишна сметка за 2021 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

**54.** Годишен Извештај за работа за 2021 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

**55.** Годишен Извештај за работа за 2021 година на МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;;

**56.** Предлог-Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плакање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

**57.** Предлог-Одлука за давање согласност на измена на Годишен план за вработување за 2022 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

58. Предлог-Одлука за утврдување на цена за одржување-чистење на тоалетни кабини (санитарни јазли), донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

**59.** Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за усвојување на ценовник за одржување на поплочени улици и прередување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Отварам претрес за расправа по овие 6 точки на Комуналец. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака пред нас е сите овие работи, извештаи финансиски, наративен извештај во делот на работењето на ЈП Комуналец. Првата работа која што ја имам како забелешка е во делот на трошоците кои што ги остварува ова претпријатие и конкретно во делот на материјалните трошоци. На пред неколку седници добивме објаснување од страна на директорот дека делот за енергија и гориво, кој што е зголемен некаде за 37-38 % бил заради зголемувањето на цената на горивото, меѓутоа 2020-2021 немаше драстични зголемувања. Зголемувањето беше некаде 15-16% за цената на горивата и искрено вака само наведени како бројки и како податоци, нас не ни значат ништо. Во делот на извештајот на ЈП Комуналец се наведени сите механизации со кои што располага ЈП Комуналец, кои што мое лично видување и сметање дека оваа ставка е превисока во однос на механизацијата со која што располага, неколку цистерни, багери, трактори, булдужери еден или два итн. Во делот на Извештајот имам конкретна забелешка во делот, добро е овде што сте наведиле дека 45 000м3 е зголемено фактурирањето на вода, меѓутоа тоа не е ниту 1% зголемување во однос на загубите на вода коишто ги прави ЈП Комуналец на кое што ни дадовте одговор и ни кажавте дека изнесува 60% . Информацијата која што ја имам јас, значи вкупното фактурирање на вода до 2, заклучно со 2021, за цела 2021 година изнесува 2 616 000 м3, а последната година пред да има промена во раководството имам податок дека изнесувала 3 100 000 м3, кое што претставува сериозно намалување во делот на фактурирањето на вода и сериозно намалување во делот на остварувањето на приходите на ЈП и трета работа која што сакам да го прашам директно директорот дали е точна информацијата дека менаџерскиот тим на крајот на оваа година си подели високи бонуси од 2-2,500 евра. Тоа ми е прашањето до вас, бидејќи и постојат такви шпекулации меѓу граѓаните.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ЃОКО ПОП-ИЦОВ: Почитуван Градоначалник, Претседателе, почитувани советници, медиуми. Значи што се однесува до првите две прашања во делот на работењето на ЈП Комуналец, во делот на потрошувачката на гориво би сакал да потенцирам дека ЈП Комуналец води посебна анализа, по посебни возила колку има потрошувачка и спрема цената исто така сакам да напоменам дека освен цената која што може да го поправам советникот дека во 2021 беше за нијанса повисока за разлика од 2020 година е зголемен и обемот на работа, како што се гледа во самиот извештај. Значи тоа е една од причините, каде што е зголемена количината и потрошувачката на гориво. Што се однесува до фактурирањето, фактурирањето да точно е нели по ваша сугестија, по нели редовното работење на Комуналец фактурирањето како во домаќинствата, правните лица, исто така и кај дуќаните е зголемено

заради тоа што ЈП Комуналец како и секоја година почна со промена и поголема анализа на загубите кои што ги има на самата вода. Инаку споредбено со 2015 година податокот дека има околу 3 000 000 фактурирано, тоа беше заради тоа што тогаш се вршеше израмнување на самите водомери, претходно тие неколку години не биле читани, заради тоа таа година е енормно зголемувањето на фактурираната вода. Што се однесува до третото прашање не се поделени туку во сметката т.е во завршната сметка на ЈП Комуналец постои во договорот постои клаузула каде што ако ЈП Комуналец успешно ја заврши годината во тој случај му следува добивка, што не значи дека таа ќе биде земена. Значи во прераспределбарта на средствата постои таква можност.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Од место. Ова сега контра реплика ли или.Излагањата само да ги правиме на темата.Седни си од место контрареплика, оти него не му реков на говорница да испадне.Да држиме баланс.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Првен во делот на надоместокот, односно на бонусите кои што сте ги поделиле. Добро е тоа што, мислам ми се потврди информацијата кои што ги има дека се поделени одредени бонуси. Јас мислам дека во вакво време, невреме во кое што се наоѓаме мислам дека не е во ред да се делат такви високи бонуси. Тоа е првата работа. Втората работа во минатото ЈП Комуналец остварувало сериозно високи добивки. Тоа е втората работа, али и во таква ситуација јас не сум, бидејќи имате како менаџерски тим високи плати, јас не сум за тоа да се делат плус дополнителни бонуси. Во однос на третиот дел, во делот на нефактурирањето на вода, значи јас не знам како е можно да имаме такво драстично намалување и тоа да се земе само како репер за една година. Јас од информациите кои што ги имам, дека тоа е вода фактурирана во повеќе години кои што изнесува во тоа ниво и тука се појавува сомнежот дали одредени лица се привилегирани, дали тоа се прави намерно, дали се прави тоа ненамерно,,кои се мерките, кои се чекорите, со кои тоа ќе го неутрализираме.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦ ЃОКО ПОП-ИЦОВ: Значи станува збор само за таа година. Порамнувањето да, тогаш е направено, потоа да наплатата т.е. фактурираната вода опаѓа. Значи по трети пат од ова место објаснувам кои се причините заради тоа намалено фактурирање на вода, т.е. наоѓањето на дефекти на поголемите субјекти, како што е на Општа Болница, ВД Тиквеш и уште некои поголеми објекти кои што имаат енормна потрошувачка во соработка со ЈП Комуналец беа најдени тие дефекти, така да нивното потрошување е реално и фактурирано. Тоа е една од причините. Тоа е одговорот на едното прашање, а што се однесува до

прераспределбата на добивката истото стои, да во договорот, но и со завршна сметка точно е дека таа е распределена, но не е подигната.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи директоре добивката што е добиена да расчистиме пред јавноста е нераспределена така.

ДИРЕКТОР НА ЈП КОМУНАЛЕЦЃОКО ПОП-ИЦОВ: Таа е распределена и спрема сите договори што ги имаме во ЈП Комуналец, но таа е распределена, а дали ќе биде подигната зависи од нели финансиската состојба на Комуналец.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Пошто лично ме засега работењето на ЈП Комуналец и дел е од образот на Општина Кавадарци како едно од најбитните претпријатија, морам да потенцирам и да кажам дека нашето ЈП е едно од ретките кое што е во добивка и нема акумулирани долгови во делот на извршување или не дај боже блокирање на сметки. Второ да потенцирам дека кај нас има еден директор единствен кој што е и на Водовод, и на Канализација, и на Градски Гробишта, и на ЈПП и се,за разлика од тоа во Струга, во Битола и во други претпријатија има по 4,5 директори за истото функционирање. Така да, да не го занемариме фактот оптеретувањето на еден човек кој што ги води тие 300 вработени во сите сегменти во ЈП Комуналец. Не би сакал многу да навлевам во минатото, меѓутоа ова многу често го употребувате и го зимате како репер и мерка, доколку имате можност некогаш јас би ви препорачал да од минатото комплетниот менаџерски тим го вратите во Комуналец и да функционира, али мислам дека тоа нема многу да ви биде од корист, позитивна поента, пошто и самите знаете дека порано во Комуналец беше крајна поделба, партизирана работа и ако си СДСМ или ВМРО не знам која партија можеше и ѓубрето да не ти го исфрлат пошто беше така фаната работата... Сега таму партизација нема објективно претпријатието работе за сите граѓани. Имам еден момент во делот на загубата на вода која што многу лошо терминолошки го коментираме. Не е тоа загуба од 60% , него е неискористена вода која што ја имаме во делот на приливот од изворот, затоа што кај нас изворот кај нас е гравитационен и доаѓа по гравитациона линија, имаме 60% неискористена вода, односно тука влегува и загубата и неискористената вода. Секогаш системот кога е на прилив, а тоа е многу често, сигурно 4 месеци во годината од 5, нашиот систем од централните базенти, а издашноста е 300 л/с, ние го третираме како неискористена вода. Јас ги задолжив од ЈП Комуналец , не знам директорот до кај е стигнат со таа работа да стави броило на преливот, да видиме колку м3 во текот на годината одат на прелив. Тоа не можеме да го третираме како загуба на вода, него ќе го третираме како неискористена вода и добро е тоа и за понатамошните анализи да се прават за град Кавадарци, за 5, 10, 15 години кои се ресурсите со кои располага, а класичната загуба на вода ќе биде се

она што е фактурирано, се она што не е искористено, одземено од вкупниот дотек на вода и мислам дека нема да биде поголемо тоа од 20% доколку го земиме во предвид преливот, меѓутоа земајќи го тој податок треба да се ставе броило на самиот прелив на централните базенти кои што ги има. Во делот на фактурирањето со вода и јас лично имам забелешка. Разговарано е со директорот веќе неколку пати, разговарано е со инкасантите, мислам дека системот е подобрен, не верувам дека некој суштински или главен проблем е тоа да некој биде ставен во повластена тарифа од било кои побуди, меѓутоа да, фактот во моментот дека неколку големи компании кои што трошат многу вода беа на мониторинг и беа откриени дефекти. Еден од тие е и Општата Болница, кое што е од јавно значење, каде што има внатрешен дефект и не знам директорот ќе реферира колку точно м3 се спаси Болницата со тој дефект, со тоа што вода одела јалова на некој начин или при дефект под земја. Имаше и повеќе компании такви, меѓутоа имаше и моменти на паушално фактурирање кај што реагирав за да паушалното фактурирање се изземе максимално, да биде на минимално ниво и барем на 2 месеци, односно преку 1 месец инкасантите задолжително го сликаат водомерот, односно броилото и стига на сметката за вода. Не сакам пак да кажам и да помислам дека некои тука го злоупотребил или ставил намерно, меѓутоа ние од 1-ви април ќе градиме нов систем во делот на фактурирањето на водата и поготово контролата на трошење на самата вода, а главната забелешка моја лична на ЈП Комуналец е во недостатокот на служби или недоброто екипирање во делот на нелегалното користење на вода. Тука е многу слаба ситуација, значи малтене тоа е занемарено и не може во Кавадарци, а не дај боже да е така да немаме неовластено користење на вода, ниту еден пример кој што е контролиран или фатен или исклучен од системот, така да мислам дека тука треба да се подобре максимално таа ситуација и во делот на фактурирањето. Во делот на она што го кажувате распределба на добивка, нашиот менаџер на ЈП Комуналец, кој што е со мандат има соодветна нето плата, а тоа токму произлегува од последните 10 години,Доколку ЈП е во добивка, го ставаме него како заслужен дел од функционирањето на ЈП и има право на исплата од 2000 евра годишно како надомест за добро менаџирање. Легитимно право е на менаџетот, дали тие средства ќе си ги земе или ќе ги даде во добротворски намени или намени во неговиот дел на функционирањето. Така да тоа не е измислица од нас, тоа е повеќе од 14 години ставен во менаџерскиот договор кој што го има ЈП Комуналец. Така да ако го зборуваме минатото, тоа се е од минатото. Исто така во делот на приходите на Комуналец морам да кажам дека овој Совет и претходниот Совет донесе многу, многу мерки за ослободување од камата на физички лица, многу мерки за ослободување на социјално ранливите семејства, оние кои

што користат социјална помош и тоа го дискутиравме на координација и кажавме да го ставиме како дополнителна мерка пак, да го практикуваме. Сакам да потенцирам и да кажам дека и Општина Неготино, тоа што имаше подолг долг према Општина Кавадарци, треба да се обрне внимание, да се намале тој долг, затоа што целото наше претпријатие целокупниот трошок го праве секундарно ние како претпријатие, а после тоа сразмерно треба да фактурираме на Општина Росоман и на Општина Неготино и мислам дека во тој дел треба да си бидиме точни и за Општина Росоман и за Општина Неготино пошто трошковите ги правиме ние како ЈП и отпосле им ги префактурираме во дел на извор, одржување, на целовкупна ситуација и тука исто така фактор со Петтата МХЦ која што еве мислам дека за една недела, 10 дена и официјално ќе ја отвориме. Така да ќе имаме чест и задоволство и вие како советници сите и јас како Градоначалник да ете присуствуваме на тој настан, на отварање на една МХЦ со 250 kwпроизводство на електрична енергија на час. ЈП Комуналец во моментот располага само ова би го потенцирал со 4 ровокопачи, кога во минатово беа 2, сега имаме 4 . На дневна основа тие 4 ровокопачи се активни секојдневно. Користење од трети лица, на механизација воопшто нема, ниту во износ на смет, ниту во реконструкција, ниту во Зеленило, ниту во ништо. Апсолутно тоа што го прави ЈП пред малку што го коментирав со 15 000 м. годишно реконструкција на водоводна, канализациона и атмосферска канализација е стварно за поздравување за тие луѓе, пошто не било пракса и практика претходно да се функционира и во делот на дебивката што ја спомнавте. Јас воопшто не се согласувам со политиката да јавните претпријатија остваруваат големи добивки и ги акумулираат тие добивки. Тоа е еднакво на грабеж на луѓето, на граѓаните. ЈП, било кое јавно претпријатие треба да работе со минимална добивка, а сите останати средства треба да ги распореди во делот на капитални инвестиции или сразмерно да ги врате на граѓаните. Во еден момент ЈП Комуналец имаше подобра добивка од ВВ Тиквеш, а тоа 2015 година со 2,5 000 000 евра, што покажува, тоа е факт на неправилно работење за едно ЈП. Во таков случај ако има 150 000 000 денари добивка, дај да ги ослободиме грааните да не плаќат вода. Значи буквално треба да ги вратиме назад, али фиктивните добивки правење и оптужувањето на стари сметки и прикажувањето како добивка, а парите ги немаме на сметка. Тоа е голем проблем. Така да мислам дека ова е реалната слика за ЈП Комуналец, која што ја имаме во моментот и како менаџерски тим, кој што функционира во ЈП мислам дека заслужено е да еден човек од менаџер кој со 300 луѓе и со 40000 граѓани ги опслужува во делот на Хигиена, на Зеленило, на Градски гробишта, на Водовод и Канализација, дека воопшто не е лесно такво претпријатие да се воде. Така да платава

која што ја зима, јас никогаш не би ја подрекол и никогаш не би рекол дали е ниска или висока во однос на сразмерните политики на државата. За мене е ниска, али затоа еве ние имаме менаџерски договор или пак ако ве интересира уште една работа и директорот на ЈП Комуналец, покрај тоа што јас како Градоначалник не ја зимам јас мојата плата, ја рефундирам во донациски средства, он има повисока плата и од Грдоначалникот по документ. Така да не е мерило воопшто менаџирањето на ЈП со сегашните плати и дај боже и во иднина по завршување на мандатот на Поп Ицов да се јават на оглас што подобри менаџери, да може да практично ни помогнат и практично менаџерскиот дух го има во тоа ЈП пошто има многу, многу можности каде да се заштеде и како подобро да ги направиме услугите на граѓаните.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Со голем дел од работите се сложиме и ги потврдите моите сумњи. Во делот на тоа дали е одредено ЈП треба да прави добивка или не комплетно се слагаме,Тука јас мислам дека јавните претпријатија треба да работат на праг на рентабилност и тука немаме дилеми. Менаџерскиот договор го регулира претпоставувам со Општина Кавадарци така. Менаџерскиот договор на директорот, така да работите кои што се наведуваат во менаџерскиот договор може да бидат лесно сменети и последна работа во делот на претходниот менаџерски тим, ви благодарам али не ни треба.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Во моментот немате ни можност да бирате дали ви треба, него зборам за идно време.Али уште една работа морам да ја кажам за менаџерскиот дел, верувам дека еднаш дадено право многу тешко се одзима и сега тоа право кое што било пракса 8 години, значи 8 години пракса, кој менаџер да се јаве на оглас, да му го одземите како право, тој ќе биде полош менаџер од претходниот менаџер . Така да мислам дека тука само во тој поглед ја гледаме разликата.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во однос на платата, јас мислам дека не е по мене логично да министер кој што функционира, кој што управува со еден цел сектор во државата да има иста плата со директорот на ЈП, пошто одговорноста е многу поразлична и многу помала тука на локално ниво.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Јас само уште ова би додадил централната власт да не се меша и да не се споредува со локалната власт. Општина Кавадарци е над државата, Општина Кавадарци е над државата по сите односи и во невработеност и во регистрирани возила и во квалитет и во хигиена, така да мислам Општина Кавадарци и менаџерите да зимаат поголема плата од двајца министри при централната власт.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не само корекција. Неколку пати ова се повторува . По мене јавна политика е се што е во интерес на граѓаните, така да.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници дали некој друг бара збор .Бидејќи е исцрпен претресот по овие точки, истите ги ставам на гласање.Кој е за. Од точка 53 до 59. Добро пооделно.

Точка 53. 11 за, 1 воздржан и 4 против.

54.Годишен Извештај за работа за 2021 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Кој е за.Исто 11 за. 1 воздржан, 4 против.

55. Годишен Извештај за работа за 2021 година на МХЕЦ ЛУКАР ДООЕЛ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;;

Кој е за. Едногласно.

56.Предлог-Одлука за ослободување од пресметување на камата за задоцнето плаќање на долг на физички лица корисници на комунални услуги и трошоци во постапка спроведена пред надлежен суд или нотар, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Кој е за. Едногласно усвоена.

57.Предлог-Одлука за давање согласност на измена на Годишен план за вработување за 2022 година на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, донесен од Директорот на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Кој е за. 11 за, 4 против, воздржан 2.

58. Предлог-Одлука за утврдување на цена за одржување-чистење на тоалетни кабини (санитарни јазли), донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Кој е за. Едногласно усвоена . И последна точка 59, во врска со Комуналец.

59. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за усвојување на ценовник за одржување на поплочени улици и пpередување на гранитни коцки на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Едногласно усвоена.

**60.** Годишна сметка на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев -Јасмин„ Кавадарци за 2021 година, донесена од Управен одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев -Јасмин„ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Кој е за. Едногласно.

**61.** Годишен Извештај за работа за 2021 година на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев -Јасмин„ Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев -Јасмин„ Кавадарци;

Кој е за. Едногласно усвоена.

**62.** Предлог-Одлука за усвојување на Извештај за работењето на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци за период од 01.02.2021-

31.12.2021 година, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Значи 12 за , против 4, 1 воздржан.

63. Предлог-Одлука за проширување на дејноста на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;;

Дали некој бара збор. Никој не бара збор. Отварам претрес гласање. Сите се едногласно.

64. Предлог-Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, ја ставам на гласање.Тоа е 64 точка. Едногласно усвоена.

65. Статутот на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци,

Го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

66. Информација од ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Кој е за. За постапка на јавни набавки. Кој е за. Едногласно усвоена.

67. Предлог-Одлука за усвојување на Ценовник за обележување на хоризонтална сигнализација на територијата на Општина Кавадарци донесен од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Кој е за. Едногласно усвоена.

68. Годишен Извештај за работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2021 година, донесен од Управен одбор на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци ;

Кој е за. 12 за, против 4.

69. Предлог-Одлука за давање согласност за отпис и расходување на стара неупотреблива опрема од ООУ„ Димката Ангелов-Габерот„ с.Ваташа, донесена од УО на ООУ„ Димката Ангелов-Габерот„ с.Ваташа;

Кој е за. Едногласно усвоена.

70. Предлог-Одлука за давање согласност расход за неупотреблива опрема одООУ„Тошо Велков- Пепето„ Кавадарци, донесен од УО на ООУ ООУ„Тошо Велков- Пепето„ Кавадарци„;

Едногласно усвоена.

71. Предлог-Одлука за давање согласност на Статут на ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Отварам претрес. Значи Статутот од 71 до 76 ги ставам на гласање.Едногласно усвоени се сите. Значи одиме на 77 точка.

77. Предлог-Одлука за примање донација на две патнички моторни возила од Друштво за производство, трговија и услуги "КОЖУВЧАНКА" ДОО увоз-извоз Кавадарци;

Едногласно усвоена.

78. Предлог-Одлука за примање донација на специјално моторно возила од „Машинокоп„ Кавадарци и давање на ЈП Комуналец.

Едногласно усвоена.

Почитувани советници како Совет една голема благодарност како Совет до општествено одговорните компании на територијата на Општина Кавадарци кои несебично како и во минатото со нивните донации допридонесуваат за полесно функционирање на нашите јавни претпријатија. Кожувчанка и Машинокоп и во минатото се покажаа дека имаат голема општествено одговорна вредност.

79. Предлог-Одлука за формирање на заедничка комисија за подготовка на актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кавадарци и Општина Неготино;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, ја ставам на гласање. Точката е едногласно усвоена.

80. Предлог-Одлука за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кавадарци и Општина Неготино;

Бидејќи никој не бара збор, тоа е за членови за заедничка Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кавадарци и Општина Неготино. Тоа е 80 точка.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Бидејќи пишува предлог –одлука за именување на членови на како беше точката .Кои се членови.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлог-Одлука за именување на членови на заедничката Комисија за меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кавадарци и Општина Неготино;

Ајде од службите на Општина .

СОВЕТНИЧКАТА ВЕСА БОГЕВА: Прочитајте ги.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Јас ги немам кои се ставени по име и презиме тука. Пауза 3 минути. (Пауза)

Значи околу барањето за информација на лица што се вклучени во меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кавадарци и Општина Неготино од службите на Општина Кавадарци добив информација дека тоа се Стефанија Стоева и Зорица Стефанова. Така да тие се две претставници од нашата Општина, што ќе учествуваат во оваа меѓуопштинска соработка. Кој е за точката.Едногласно усвоена.

81. Предлог-Решение за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазив Климе„ Кавадарци;

Повели Претседател на Мандатна Комисија.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Претседател, колеги советници, медиуми, почитувани граѓани Комисијата за именување и мандатни прашања за членови на Управен Одбор на Дом на културата „Иван Мазив Климе„ ги предлага Билјана Ѓорѓиева, Никола Биков и Цветанка Баштованова, а за внатрешни Владимир Темков и Јован Костов.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлогот на Мандатна Комисија на Претседателот го ставам на гласање. Кој е за. 18 за, 1 воздржан.

82. Предлог-Решение за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ библиотека„Феткин„ Кавадарци;

Повели Претседателе.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Исто и оваа Комисија е составена од 5 члена од кои тројца ги именува Мандатната Комисија, а двајца се од внатрешни членови и тоа се следните лица Душанка Петкова, Силвана Ристова и Александар Ристовски, а за внатрешни членови се предложени Трајанка Атанасиова и Маричка Гечева.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлогот го ставам на гласање. Кој е за. 1 воздржан, 18 за.

83. Предлог-Решение за именување на членови во Управниот Одбор на ЈОУ Локален Музеј Галерија Кавадарци;

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Во овој Управен Одбор се именуваат Ирена Стојанова, Александар Малинков, Цветанка Камчева и внатрешни членови Јаким Зимовски и Трајче Цветков.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за. 1 воздржан, 18 за.

84. Годишен извештај за постапување со отпад за 2021 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање.Кој е за.

85. Иницијатива за ажурирање на Процена на загрозеност на подрачјето на Општина Кавадарци од сите ризици и опасности од Влада на Република Северна Македонија-Центар за управување со кризи-Подрачно одделение Кавадарци;

Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам за гласање.Кој е за. Едногласно е усвоена.

86. Наративен Извештај по Програмата „Св.Трифун 2022„ од Иновативa„Скопје;

СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Почитувани присутни, почитувани медиуми, почитувани граѓани. Нема да го коментирам Извештајот на секторот култура и на самата организација, туку ќе ја искористам оваа прилика да ве известам дека ние како советничка група побаравме пред почетокот на седницата на која што беше Предлог –Програмата за Св. Трифун да ни се достави во детали Финансиските Извештаи и Програмите за одржување на празниците и манифестациите главни во нашиот град Св. Трифун и Тиквешки Гроздобер во период 2018-2022. На тоа одговор добивме вчера и одговорот според мене е срам за овој сектор и за самата служба. Дали сакате да ви го дадам Претседателе вие да го прочитате или Градоначалниче вие да го прочитате или да ви го прочитам. Да.

Врз основ на наводите за доставување на детални финансиски Извештаи и Програми за одржаните различни манифестации, Св. Трифун, Тиквешки Гроздобер и сите манифестации од 2018-2022 ве известувам дека податоците за препис и хартиена форма може да добиете од претходниот Совет, кој што ги има истите одобрено и прифатено во завршните Годишни Извешатаи за тој период.
Сметам дека наше право е да ги побараме и да ни биде доставено, а не на ваков начин да ни биде одговорено и се надевам дека во иднина.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Само ако може да искоментирам на што се мисле на претходниот Совет , на претходната седница или.
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: На претходниот состав.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Како бе може претходниот состав да дава.
СОВЕТНИК ПАВЛЕ МАНЕВСКИ: Значи мора да се издаде во иднина.
ГРАДОНАЧАЛНИК Никаква обврска нема лретходниот состав да дава.Можеда го видам тија Извештајот.Првпат го гледам Извештајот и Барањето, затоа што Барањето ви е до Секретар на Општина Кавадарци и одговорот ви е несоодветен и некомплетен И значи ви персирам до Секретар на Општина Кавадарци и што е нормално, треба Секретарот да си процесира натаму во администрацијата. Секретаре ве гледам тука ви одговорот .
СЕКРЕТАР НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ТОДОР ЕФРЕМОВ: Вака прво самиот Извештај не е согласно иницијативите и согласно процедурите за следење на документи. Не е потпишано ниту од раководител , ниту од никој .
ГРАДОНАЧАЛНИК: Тоа сега сакав да го искоментирам.Значи овој Извештај на СДСМ како советничката група е потпишан само од едно лице, а по Протокол и по ИСО Стандард на Општината не смее да излезе ваков документ од Општината. Секој документ излегува од секторот и од Секретарот, ако треба и Градоначалникот врз основа на Извештајот кој што треба да се даде, така да тука е потпишан соработник за организација на културна манифестација Сања Митев . Сања за ова ќе разговараме од утре натаки со Секретарот, значи немаш легитимно право да одговориш и сама потпишиш. Немаш ни изработил, ни одобрил,ни контролирал. Ако било насока од Раководителот треба да е во писмена форма, ќе си има она последица за таа работа. Така да јас во име на јавната администрација се извинувам за ваков одговор и мислам во иднина нема да се повторе.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор.
СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани значи во врска со манифестацијата Св. Трифун разговаравме кога беше на Дневен ред Програмата Св. Трифун и сега не се навраќам во делот на активностите и во делот на кои активности се спроведени. Значи како беше Програмата, така е и Извештајот, горе доле значи има некоја мала разлика во финансиските средства што се потрошени. Сакам само да споменам дека стојам на тоа дека треба да се прават анализи после секоја извршена манифестација со цел да се увидат слабостите на манифестацијата и да се подобрат со следната манифестација. После моето зборување зборуваше и Градоначалникот кој рече дека не мора да има бенефити и дека тоа е еден

вид славење на градот, на граѓаните . Да, за градот и за граѓаните е славење, но за Локалната Самоуправа е работна обврска и треба да се изврши во рамките на тоа што е пропишано и што е замислено, организирано и како бенефит најважен, според мене сите културни манифестации ќе ги има градот и граѓаните, ако ние како град да испратиме една порака, една слика дека како Локална Самоуправа се грижиме за граѓаните, се грижиме и за нашите брендови за грозјето и виното и тоа сето да биде како еден вид репортажа, значи слики да испаднат од овој град, текстови, интервјуа, значи настанот така да биде промовиран пошироко во државата, па и надвор во регионот и на тој начин како Локална Самоуправа да им помогниме и на лозарите да дојдат до идни купувачи, до повисоки цени итн., а да пројавиме интерес кај луѓето да на наредната манифестација да дојдат во нашиот град, дали тоа ќе биде за Гроздоберот или за следната манифестација Св. Трифун. Значи треба тука повеќе да се работи во Локалната Самоуправ на тоа поле и друго Градоначалниче имам едно прашање до вас. Дали вашите вработени, има во рамките на работни задачи, во тек на работно време имат право или дел од работните задачи, како вработен во јавна администрација, јас мислев и дека е некој раководител, сега видов после ова што кажавте е соработник да јавно, недолично, некултурно се обраќа на советник. Значи ова не мислев јавно да го кажам, може поголем дел од вас се запознати со фејсбук статусот на еден вработен од општинската администрација, како бев известена дека има таков фејсбук статус го известив Градоначалникот, го известив Претседателот на Совет, го известив и Секретарот, затоа што сметав дека тоа не е во ред. Тоа е срам за функцијата, за работното место што го има вработениот во ова општинска администарција, а и срам е за цела општинска администрација, затоа што досега јас сум многу задоволна со досегашната соработка со сите вработени со кои сум имала прилика да соработувам во овој период. Се надевам дека соработката ќе биде уште поплодна и подобра и дека ова е лош пример, што треба да му биде укажано на вработениот, се со цел да не биде следен од други вработени во општинската администрација и да гледаме да бидеме подобри во секое поле.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Како што и пред малку споменавме структурата на Општина Кавадарци со јавната администрација и со вработените непосредно и директно раководи Секретарот на Општина Кавадарци, кој што е именуван од мене како Градоначалник, а доаѓа од внатрешноста на јавната администрација и по хиерархија и по орнограм, он е тој кој што треба да раководе со јавната администрација. Јас нема да дозволам мал процент или небитен процент на јавната администрација да биде репер или да биде нешто негативно. Според нашите протоколи што ги имаме и

обврски, а еве сега ќе ги спомнам јавно дека државен службеник, јавна администрација и вработени во јавни институции за делот на работното време е забрането користење на фејсбук профили, а најмалку коментирање на политички цели или политички одлуки и насочување во делот на политиката. Во приватниот дел сеуште како Општина немаме донесено никаков Статут и мислам дека правно немаме можност, али апелот до нашите вработени во јавните институции, без разлика дали е образование, Општина, почнав и .. малку да,или јавни претпријатија укажувањето да се оградуваат од негативни коментари и од подигање на лажни вести или политички дејствија, меѓутоа учество во политички партии и нивното мислење не е забрането со закон. И со претходниот Совет и со вас како советници сакам личниот интегритет на секој вработен во Општината, на секој советник и на секој чинител во јавните институции да биде загарантиран и да не биде напад на било какви мети, а поготово на луѓе со кои сме опкружени од јавната администрација или политичките партии, чинители или функционери.Така да јас лично ве уверувам и ви гарантирам дека нашите вработени во иднина нема да си земат за право да коментираат работи кои што не се во нивен домет, а најмалку лично да навредуваат или сугерираат некакви други понашања, да ми изреагирате веднаш ја препратив пораката и на Секретарот во Општината и мислам дека е разговарано со службениот и такви случаи малку сме имале досега, каде што сме реагирале и мислам дека соодветно сме ги истретирале до крај и нема да дозволиме тоа да биде лавина од луѓе кои би се насочил кон некој да деградираат лично било кој да е од политичка партија или било кој од која функција доаѓа. Така да јас како Градоначалник, заедно со Секретарот во укажување со јавната администрација ќе се потрудиме максимално да го донесиме тоа на едно високо ниво и мислам дека Општина Кавадарци треба да деле од сите други, како што деле и во инфраструктура и во комунална изградба и во остварувањето на обврските и во делот на јавната администрација и нејзиното функционирање. Од мое име уште еднаш лично можам да му се извинам на секој еден кој се засегнал во делот на навредливоста од било кој службеник и мислам дека тоа во иднина нема да се повторе и дека ќе се најсодветно третира начинот на работа.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор.Повели советниче.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Според мене на самиот настан на одбележувањето на празникот на Св. Трифун се случи еден гаф што мислам дека во наредните години не би требало да се случува. Тоа е одреден говор од страна на свештено лице, во кој говор фрла одредена натема, дозволува да навредува и коментира одредено гласање за политички партии. Мислам

дека самиот настан и самото обележување на празникот не смееме да го сведиме на тоа ниво и мислам дека ние сите како Совет на Општина, заедно и Градоначалник треба да се оградиме и да избегнуваме во иднина такви гафови.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Јас ќе земам збор. Почитувани советници, почитувани медиуми, почитуван Градоначалник Св. Трифун како манифестација, ние како Совет после одбележувањето на Нова Година и припремата за Новогодишната Програма, потоа преку Божичниот ручек и Св. Трифун како манифестација, трета манифестација на овој Совет каде што сум чинител и според мене беше еден добар крик за едно обединување на народот за едно заедништво околу самиот празник, меѓутоа за жал сметам дека политички не се препозна од актуелната власт самиот момент, иако од страна на службите и од Градоначалникот имаше испратено покана до комплетниот врв, централен, вклучително од Премиер на нашата држава до сите, меѓутоа за жал претставник дојде само еден министер од Скопје, од централната власт и сметам дека иако беше присутен само еден министер целата манифестација, целодневна беше на висина на задачата, затоа голема благодарност до севкупната административна служба на Општина Кавадарци и лицата што беа вклучени во самата организација. Во однос на изјавата на нашиот советник околу свештеното лице и начинот на неговата дикција и комуникација со граѓанството, значи МПЦ Охридска Архиепископија е еден од темелите на кои опстојува Македонија и самобитноста на македонскиот народ. Може некој владика да го сакате или друг, нема исти, нема еднакви, има различни и тие го претставуваат народот. Ако критикувате еден владика, тогаш правете го тоа и за друг. Ако ќутите за некој владика, ќутите и за сите, но не фрлајте навреди на МПЦ и нејзините властостојници. Може не се такви како што сакаме да ги има, меѓутоа тие се наши. И на крај не би сакал да помислам дека не би биле и такви. Така да во однос на начинот на функционирање со комуникацијата со нашиот владика Повардарски
г-динот Владика Агатангел Повардарски сметам дека одлуката дали тоа го сакате или не го сакате е лична, меѓутоа факт е дека тој е наш и треба да се почитува, пред се поради тоа што самобитноста на црквата оди преку почитување и ако сакаме да ни ги почитуваат нашите владици сите околу нас, треба ние да ги почитуваме прво. Така да еден апел за догодина здравје боже Св. Трифун и идни манифестации што ќе се одржат во текот на оваа година да се трудиме, бидејќи општеството мора да го менуваме. Факте е дека политичките партии си имаат свои интенции, свои ..., меѓутоа одредени културни манифестации што имаат широко општествени дијапазон и интерес, да покушат да не обединат, бар да покушаме малце

ние на некој начин да го менуваме општеството, пред се како советници и како жители на овој град.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Прва работа кога обавувате одредена функција, дали е тоа јавна, дали е тоа црковна, вие ја претставувате црквата. Ако кажете збор за некое црковно лице, тоа не значи дека е атак на МПЦ. Значи тоа е првата работа на која што сакам да ти реплицирам. Втората работа спомнуваш дека во тој празник се обединиле Кавадарчани, меѓутоа тој говор беше полн со омраза и со поделби, предавници, патриоти и мислам дека би било фер и коректно, бидејќи јас мислам Градоначалник и вие треба да се погодите, да се пронајдете тука погоден во однос на таа работа, бидејќи во вашата партија ве третираше на друг начин во однос на таа поделба. Така да мислам дека тој по мене говор не му требаше, мислам тој гаф не му требаше на самото свештено лице. Во однос на други свештени лица, јас секогаш кога сум сметал дека нешто е не во ред од страна на делување на одредени свештени лица сум го коментирал. Значи не станува збор само за владиката, али овоа мислам дека како празник кој што го обележи градот мислам дека таков говор полн со омраза и полн со поделби мислам дека не ни беше потребен. Тоа беше само мојата забелешка.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници, медиуми, сограѓани. Значи сакам чисто само една кратка реплика до колегата советник. Значи ако поинаку го третирала ВМРО Градоначалникот, на изборите видиме на која страна беше кандидат за Градоначалник, колку гласови освои. Во делот на тоа што го напаѓате владиката Агатангел значи тука гледам двојни аршини, чисто ако треба да го осудиме владиката Агатангел, треба да го осудиме и понашањето на министерот за Локална Самоуправа, кој што на еден несоодветен начин протестираше на самиот настан, кој јас лично го слушнав како му се обраќа, со кои погрдни зборови му се обрати на владиката. Така да ако веќе треба да побараме извинување од едните, од едната страна мислам коректно е да побараме извинување и оградување за таа работа и од другата страна.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани Св. Трифун е наш празник кој што обележува многу и во делот на лозарството и во делот на православието и на сите сегменти. Секој има право да си го третира и славе како што мисле, еве у помодерно време виќе одиме накај Св. Валентајн, така да можеби ќе се определат некои за Валентајн повеќе. Јас сакам само да се осврнам и да кажам една работа, пошто ние сме Совет и Градоначалник, Локална Самоуправа и најмалку треба да навлегуваме во верските работи тука на Советот, пошто секуларна држава сме, имаме повеќе сегменти на вера, имаме право на избор, право на автономија, така да јас не би навлегувал ни

во еден коментар. Протоколот на канење на гости Општина Кавадарци го запазува според сите критериуми и според домаќинското работење на Општината кое што го имаме. Одзивот на гости според нивните можности и ситуации, досега ги пречекуваме како што доликува, без разлика кој од каде доаѓа. Во делот на она говорниот дел, во секој свој сегмент јас можам само да кажам за мојот говор кој што го имав на Св. Трифун кој што мислам дека беше во рамките и во интересот само на жителите на Општина Кавадарци и ничиј друг интерес не претставував во тој момент. Во она Вуко што ме повика како партија јас досега официјално од ВМРО ДПМНЕ не сум отстранет и никогаш не ме нападнале официјално, барем директно вака да речиме. Секогаш постојат можности политички опоненти и само еден коментар би го дал на крај. Некој повозрасен човек, многу мудар кажал една изрека каде што кажувал Секогаш пази се од тој што му правиш најдобро и што ти е најблизок, а помалку од далечниот. Така да за жал во човечанството и во делот на општеството, таа мудрост произлегува од поодамнашно време каде што е пракса и практика, пак ќе кажам за жал и во семејства и во политички партии и во соживот и во колективи, а треба што помалку да ја практикуваме, така да мислам дека Св.Трифун убаво го поминаме како празник, во целост на прославувањето на луѓето. Јас ќе се заблагодарам и на централната власт, на претставникот од нивна страна г-динот Милевски министер ресорен во Локална Самоуправа и на гостите што ги имаме од странските делегации и на вас советниците и на сите кои што пред се ја испочитуваа Општина Кавадарци, посебно носителите на функција во Општина Кавадарци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ако нема друг за дискусија, точката ја ставам на гласање.Кој е за. 11 за.Против 8.

87. Наративен Извештај од Здружение на млади Креактив-Младински Центар Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка.Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање.

88. Информација за состојбата со лозарство;

Дали некој бара збор.Златевски, па Николов.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитувани познато е дека повеќе години station наназад лозарството во нашата Општина се наоѓа во многу тешка ситуација. Трошоците за обработка на лозовите насади од година во година се се поголеми. Цената на препаратите за заштита на виновата лоза и средствата што се користат за прихрана секоја година се набавуваат со се повисоки цени, а да не зборуваме за трошоците за одржување на земјоделската механизација, дизел горивото и цената на наемните работници, кои што лозарите мораат да ги ангажират за одредени сезонски операции. Цената на килограм грозје сега изнесува само околу 10% од

цената на литар дизел гориво, потребно за земјоделската механизација и за наводнувањето. Во изминатите години се соочуваме со ситуација во која лозарите своето произведено грозје не можат да го продадат. Винарските визби вршат откуп на ограничени количини на грозје и тоа во зависност од нивните потреби, меѓутоа јас сум среќен што во Тиквешкиот регион има поголеми винарски визби, бројот на малите винарии е секоја година се поголем меѓутоа ние од нив очекуваме фер и коректен однос при вршењето на откупот на грозјето. Тие се приватна сопственост и си го штитат својот интерес, но лозаропроизводителите не смеат да очекуваат дека тие мораат да го откупат целото произведено грозје од Тиквешијата, затоа Владата треба да најде начин да се почитува и спроведува постоечкиот Закон за вино и да најде механизми да ги санкционира оние кои не го почитуваат. Законот за вино во целост не се почитува, иако во член 2 е наведено дека цитирам:

Целите на овој Закон се заштита на интересите на производителите на винско грозје и вино и потрошувачите на вино.

Сметам дека со намалување на цените со ненавременото објавување на цените од страна на винариите и планираните количини за откуп, пошто тие се должни да ги објават до 31-ви март секоја година грубо се прекршува Законот за вино и тоа без никакви санкции за прекршителите. Со тоа се доведува прашањето целта на постоењето на овој Закон кој постои само на хартија. Имам сознание дека во тек е постапка за измена и дополнување на Законот за вино, а за тие измени ниту сме информирани ние, ниту лозаропроизводителите. Факт е дека сегашната ситуација во која се наоѓаат лозарите е незавидна. Тие не знаат оваа година кој ќе го откупе грозјето, по која цена ќе се откупе истото, колку ќе изнесуваат трошоците за производство на килограм грозје, затоа што секоја ден цените на заштитните препарати се менуваат, па голем дел од лозарите размислуваат дали воопшто да ги обработуваат своите лозови насади. Постои голем проблем и со водоснабдувањето и со системот за наводнување. Потребно е да се знае дека кој е должен да го одржува овој систем, сите средства од корисниците за системот за наводнување, што ги прибира Водостопанство Тиквешко Поле одат во Централата во Скопје, во ЈП, од таму многу малку средства се враќат назад за нормално одржување на системот. Значи и таму потребно е реформа и начин како да се регулират тие проблеми. Последните неколку години се случуваат дефекти во месеците јули и август и за поправка на истите се чека од 10-15 дена. Направени се огромни штети на лозарите и овоштарите, а за решавање на овие проблеми потребно е разговор со централната власт и изнаоѓањето на решение со кое на индивидуалните земјоделци нема да им се прават дополнителни штети и проблеми. Имам многу прашања поврзани со

темата лозарство како најважна гранка во нашата општина, затоа предлагам да се направи средба со надлежните од МЗШВ, како би се добиле потребните информации за кои се заинтересирани лозарите како на пр. Има ли план Министерството да се справи со новонастаната ситуација со покачување на горивата, но и со воведувањето на санкции на Русија, која беше најголем увозник на асталско грозје. Постои ли решение за вишокот на произведени количини и постои ли одговор на прашањето кој и зошто го спречува извозот на грозје и формирањето на пазарни цени на сортите на грозје. Мислам дека ние како советници имаме обврска и одговорност пред сите граѓани на општината поактивно и навремено да се вклучиме со лобирање и предлози во донесувањето на измените и дополнувањето на новиот Закон за вино, но и во донесување на одлуки на Владата кои се во интерес на лозарите. Од тие причини Комисијата за лозарство што се состана вчера го донесе следниот Заклучок:

1. Општина Кавадарци да иницира средба со лозаропроизводителите, пратениците во Републичкото Собрание и претставници од МЗШВ со цел да се разгледа Предлог измените на Законот за вино и изнаоѓање решение за откуп на грозјето .
2. Заклучокот ако се усвои, да влезе во сила од денот на донесувањето и објавувањето во Службен Гласник на Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани оваа година согласно овие кризи што ги имаме во државава, на лозарите им претстои многу тешка година. Сметам дека овие заклучоци што ги донесовме на Комисијата за лозарство се прифатливи и дека треба да ги усвоиме, меѓутоа од тука би сакал да напоменам, дека имаме и еден Проект во Општина Кавадарци, а тоа е Проектот за изградба на дестилерија, која што би можела да амортизира во делот на откуп на грозје и би сакал тука сите независно од политичките партии активно да се вклучат да овој проект што поскоро и побрзо го реализаираме се со цел затоа што оваа година ако остави последици на лозарството, ќе се промовират тие последици и во следнита година и во следната година, така да со овој Проект Изградбата на дестилеријата сметам дека со многу ќе им помогниме на лозарите во делот на откупот на грозјето. Што се однесува во делот на цената, имам и еден предлог, не знам колку е правно одржан, меѓутоа континуирано цената на грозјето се формира помеѓу лозаропроизводителите и винарските визби, па се натегаат колку чини грозјето, колку чини виното. Јас сметам дека може да се формира некоја си Комисија, дали тоа ќе биде Регулаторна Комисија или Комисија во склоп на Министерството за земјоделие, кое што ќе праве анализа на проценка на трошоци за производство не само на лозарството, него и на овоштарството и на градинарството итн. и да си има една слика

колку отприлика го кошта еден земјоделец неговото земјоделско производство.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи последните 2 години и за сите нас и за цела економија, вклучително и за земјоделството, односно за лозарството се тешки години и добро е да се разговара во однос на оваа работа. Колега во делот на почитувањето од страна на винарските визби во делот на објавувањето на цените, по тоа што јас го имам како информација цените се објавуваат навремено и се почитуваaат тие рокови од страна на винарските визби, меѓутоа винарските визби тука ни одат со еден мал трик. Винарските визби излегуваат на почеток намерно со доста пониски цени со цел да се влезе во процес на преговори помеѓу и посредување од страна на институциите и мислам дека прават со одреден трик, со цел да го одолговечат временскиот период, знаеме дека родот на лозарите не чека, така да ја доведуваат ситуацијата до крај да се договора се во последен момент и мислам дека таа ситуација од нив е некоректна. Во делот на цената, има одредена работа која се работи од страна на Владата, тоа е утврдување на производна цена испод која што винарските визби нема да смеат да откупуваат, значи посебна комисија, посебно тело, да, ќе биде тоа регулирано со Закон каде што посебна комисија, посебно тело ќе ги проценува, ќе утврдува одредена производна цена, под која винарските визби нема да можат да го откупуваат грозјето. Тоа е една од работите кои што сакам да ве информирам, да бидете информирани и да знаете. Во делот на трошоците точно е дека се зголемени трошоците, исто така тука важно е да се напомене Проектот за зелена нафта, односно за субвенционирање на. Значи почнавме со 30%, ја зголемија на 50, сега оваа година мислам е во процедура е Законот не знам дали поминат во Собрание за 100% зелена нафта и мислам дека со тоа ќе им надоместиме на лозарите одреден дел од трошоците и друга работа која што исто така е дел од владина програма и која што е во процедура и се работи е делот на субвенционирање на ми се чине на препарати за прскање до 25%. Тоа го имам добиено како информација добиено дека е работа која што се работи и што може исто така да им биде од значителна помош на земјоделците.Од прилика тоа е тоа што имам да кажам.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван колега. Велите дека цената на грозјето е навремено објавена. Не е точно тоа, затоа што јас имам лозов насад и јас предавам грозје по винарските визби. У Законот за вино член 17, став 3 вика

Трговците на винско грозје и производителите на вино се должни најдоцна до почетокот на винската година да објават цена по шеќерна единица за секоја сорта на винско грозје по која ќе се откупува винското грозје. Винска година по дефинициите наведени по Законот почнува од 1-ви август, значи

винариите треба најкасно до 1-ви август да ја објават цената на винското грозје. Ова година, последната, 2021 грозјето кога го предававме, не само јас, туку и останатите колеги што имат лозов насад на 15-ти септември немаше цена на откупните белешки. Тоа е една работа. Второ, не сакам со ова да девалвирам некои потези што ги праве Владата, дека се одвојуват средства, факт е дека се одвојуват средства. Само за информација да знаете дека за 2021 година само на име на одржавка на лозов насад за цела Македонија Платежна агенција има исплатено околу 11 000 000 евра за гозје, за лозов насад, а за ковид мерки што ги даваат тие средства плус се исплатени уште плус околу 5 000 000 евра.Тоа не се малку пари. Не сакам да го девалвирам тоа. Не викам дека не е добро што зелената нафта министерот најави дека ќе биде до 100% од предвиденото што беше или 25% министерот, чувајте си ги белешките кога купујте препарати или вештачки ѓубрива, 25% од тија фискални сметки ќе ви бидат признаени, меѓутоа некои лозари, многу од нив, у разговор со нив,многу убаво викат има некој што немат лозов насад и викат зошто пак 17 000 000 евра од буџетот , од сите пари што се заеднички да се дават на лозарите, кога лозовите насади секоја година по површини се се помалку и помалку. Не може ние да му даваме пари на лозарите на име субвенции, помошти, вакви, онакви, а тие на крајот пак да не можат крај со крај да врзат. Значи треба реформа детална, конкретна и треба Министерството за земјоделие, Владата на нашата држава да седне со нас и ако по овој закон должноста на винарските визби е до 31-ви март да ги каже количините што планира да ги откупе на грозје у оваа винска година, тогаш должни се и цената да ја кажат по која цена би се откупуело грозјето. Чесно е ни на лозарите да му кажиме дека цената на грозјето ќе биде таа во текот на ваа година и дали они да стварат трошок или да не стварат трошок. Чесно е да се каже на некој не барам субвенции, барам пари да ми даде државата, Владата, Платежна Агенција за кршење на лозовиот насад. Тука во овој Закон пишува дека има Лозов Катастер, дека се знае точно кој треба да саде лозов насад, кој не треба да саде. И сега ни се чудиме на крајот на годината, минатата година беше успешна година по род , имаме околу 120, 130 000 000 кг. грозје произведено. Колку е Петре.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Ланаската година имаше измрзнување, имаше суша, значи беше намалено производството, а немаше откуп.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: И пак немаше откуп. Значи кога не би биле тија, би ја достигнале таа над 100 000 000 кг. и ни како држава треба да бидеме среќни што имаме нов производ. Ако на времето вредноста на една држава се ценела по резервите на злато, после се вреднуваше една држава по девизните резерви, сега се вреднува по потенцијалот што ја има таа држава да ствара нов производ и ни треба да се откажиме од ваа гранка. Не сум да се откажиме, туку треба заедно да седниме и без разлика

на политичка определба, мене тоа не ме интересира да ги викниме претставниците од Влада, од Министерството за земјоделие и да разговараме . Јас не сакам да навлевам наназад, кој бил виновен, како вчера на Комисија кога расправаме , почнаме некои зборови да се префрлат оваа Влада е оваква, оваа е онаква. Не така, туку да се седне, да се разговара и да се најде начин. Сега е моментот, сега сме март месец, чесно е на лозарите до крајот на април месец да му се каже какви ќе бидат трошковите , по која цена ќе се купува грозјето и чесно е да знаат тие дали да продолжат со работа или да не продолжат, да го гледат, да прават трошкови за лозовиот насад.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Значи почитувани колеги и присутни, лозарството ни е многу важна стопанска гранка, земјоделска гранка за нас, за Кавадарци и нормално е дека сме сите загрижени, посебно ние како советници, затоа што проблемот, иако некои од нас немаат лозје, него на голем дел од проблемот на Кавадарчани е токму грозјето, откупот, цената, трошоците за одржавка, начинот на исплата, редовност на исплата и на крајот се нели субвенциите што ги дава државата колку се, дали се доволно, дали редовно се исплаќаат. Проблеми има и постојано треба да се решаваат и да се бара решението понавремено за тие, навремено да се решаваат за да уназад ги решаваме проблемите што се сталожеле. Владата сега, значи ние се заинтересиравме токму за Законот за вино и во процедура е и сигурно ќе има јавна расправа и ќе се уклучиме и ние како советници и граѓаните, да се виде во кој дел каде може да се реагира и што може да се направи за да бидат заштитени лозарите . Нормално Владата е вклучена нели во договарањето со откупувачите, но за да се стигне до договор треба да се усогласат двете страни. Значи Владата колку и да бара и да сака да ги заштити интересите на граѓаните тоа треба да го прифатат откупувачите и многу пати сум рекла дека и од страна на лозарите секогаш треба да имаме да се борат самите лозари, да имат најкомпетентни нивни лидери, кои што ќе ги штитат нивните интереси и кога ќе седнат на маса со откупувачите да имат таков капацитет, да бидат со таква желба за да можат да постигнат во тој дел. Значи тука јас не ги познавам луѓето кои се и како, но тука треба да бидат заинтересирани во тој дел самите лозари. Значи кога си ги бират лидерите што треба да ги штити нивните интереси, кога ќе седнат на преговарачка маса, треба тоа да се луѓе кои ги познаваат состојбите и кога се бара треба да се бара реално тоа што може, значи ние знаеме дека тоа може е малку, државата еве минатава година во антиковид мерки за земјоделски производи се само оризот и пченицата и грозјето, значи други производи не. Значи грозјето е третирано од страна на Владата како на некој начин стратешки производ и нели има дополнителни како што кажа Јован 3 денари од кило, има

дополнителни мерки, субвенции претходните години, се покачија цените за субвенции по одржавка на земјоделските производи, има еден куп мерки што земјоделците ги користат,за нова механизација, сите тие работи се со цел да се олесни и да се зголеми квалитетот на земјоделските производи. Проблем е и натаму цената. Јован бара сега цена. Јас не знам реално кој кога сега може да каже колку ќе биде грозјето во септември или во октомври, и во април да е , значи со оглед на цените како растат, не знам дали ќе ти биде таа прифатлива или нема, значи малку е сега ваа година е поспецифична во однос на претходната затоа што имаме некако многу големо покачување, па може ќе има и намалување на цените, ќе се следи состојбата, али треба да има навремено информација колку е цената, но најважно е таа цена да биде прифатлива за лозарите, да биде добра цена со која што ќе си ги покријат трошоците и нормално ќе останат за нив. Значи треба како советници добра иницијатива и ќе се организира таква средба да разговараме, да кажеме и ние како советници и граѓаните да си ги кажат нивните барања и да бараме нормално. Наше е да бараме од Владата кој повеќе ќе бар, тој повеќе ќе добие, значи тука сме сите за и да гледаме што можеме да ги заштитиме лозарите во секој дел.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Колешке грешка е пристапот и до сега беше, во изминатите години. Не може на Владата да биде спонзор, да биде фактор кој што ќе разговара, да се усогласат ставовите помеѓу лозарите и винарите. Не може тоа. Тоа е минато време. Не може Владата да врше притисок врз винарските визби за да вршат откуп на грозје. Јас тоа сакав да го потенцирам. Треба да има, тие си се приватни фирми, ако сакам да откупам, ако не, не откупувам. Јас сум среќен што има на нашата територија винарски визби кои што и да не откупат грозје, плаќат ДДВ, персонален данок, плати минат, индиректно имаме користи во Општината од нив, ама насила да го тераш мора да откупиш. Има резервни капацитети од фирмите што се во стечај како Цумајлија, како Повардарие, Владата тука треба да превземе мерки за каде да се земе тоа грозје со една примарна обработка за посебен полупроизвод. Има повеќе предлози, има повеќе варијанти, треба да се седне, да се разговара, а насила да се тера, сме имале добар род, ај сега со сила ќе ги тераме винарските визби да го купат грозјето. Не така, тоа е завршена работа.

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Политичката Партија Левица значи не работе од сега на овој случај, ние и пред Нова Година почнаме во соработка со лозарите да подготвуваме Закон кој што предвидуваше навремено исплата на родот на земјоделците. Со 43 за тој Закон не помина, иако нели Правниот сектор на Политичка Партија Левица со соработка со Земјоделскиот сектор на партијата го спрема законот и пратеникот Борислав Крмов го предложи во Законодавниот Дом, со тоа

мислам дека на централно ниво единственото нешто што можеше да се направи, се направи. На локално ниво ни се вразни рацете. Сега ние со самото тоа се вклучуваме вака тоа е единствено виќе , поединци сега ако сакат да си го продолжат своето грозје, па да имаат некојси фактор глас во однос на продавањето на грозјето. Како локална власт не гледам што би можело да се случи, еве советничката кажа дека ќе има јавна расправа за Законот за вино и дека нив ќе ги прашат како советници што да кажат и покажаа пратениците нели дали сакат да ја помогнат состојбата со откупот со тоа што гласаа за и двајцата и пратеникот Панчо Минов и пратеничката Даниела. Пратеникот Минов јас разбирам, ајде него гром не го погодува, но во однос на пратеничката Даниела нели таа имаше и кампања во насока и тука во насока на Локалната власт е доста вклучена во активностите. Мислам дека никој нема да ве праша и мислам дека џабе е се, така да тоа е тоа .

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Може контра реплика. Значи Законот што сте го предложиле значи не е подржан од нашите пратеници, не од желба дека не сакат тоа да биде, него во прашање е колку може да се спроведат. Ние може тука да поставиме прашања, да дадиме предлози и решенија што едноставно не се спроводливи во реалноста, а инаку дека нашата Влада и дека пратеникот и пратеничката се борат за лозарите и на секаков начин во спремање на нови закони и во помагање тука , не треба да биде тоа спорно.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Добро е денеска што ја имаме точката за земјоделие, односно за лозарство на Дневен ред. 40 години Општина Кавадарци го решава лозарството, никако да го реше. Јас бев оптимист дека може да го решиме и нема да се откажам од таа оптимистичка мисла дека можиме да го решиме. Направивме доволно анализи, последниве 2 години анализиравме колку пари е килограм грозје во Србија, во Република Српска, во Босна и Херцеговина, во Црна Гора и ги знаеме цените на грозјето. Законот за лозарство и винарство е добар закон, кој што треба можеби да се дополне по иницијатива на земјоделците и ни како засегнати странки во делот на лозаропроизводителство, одгледување на грозје . И јас лично поседувам 90ха лозје. Знам како изгледа тоа и знам дека математиките се недоволни и дури некои години сме во загуба со производство на грозје. Мојот комплетен заклучок нема да го кријам и нема да се додворувам на никој, ќе го кажам во кратки црти. Во еден момент решавањето со лозарството тргна во добар правец. Добриот правец беше што Владата, заедно со МТСП со целокупниот Совет од Општина Кавадарци успеа да издвое средства, ми се чине околу 2,4 000 000 евра, целокупниот заостанат долг од ликвидираните, или постапки за ликвидирани компании. Тоа беа Повардарие, тоа беше Стефани Винари се

исплатат како надомест на лозаропроизведителите. Тоа беше добриот почеток за отпочнување на исплата на старите долгови и тргање на таа болка на лозарите која што ја имаа во себе на вложени средства, на земјоделски производи со дадени субвенции, да останиш на крајот без пари која што нема никаква логика у цела работа. Вториот момент беше добро 2017 према 2018, односно реколтна 2018 година, постигнавме цена и од 15 денара за килограм вранец, ама незнаејќи дека тоа ни го прават винарските визби дека има недостаток на грозје. Со таа цена постигнување ние мислевме дека таа цена ќе ја задржиме и ќе одиме само нагоре со цените, пак ќе се согласам тука и со советничката Веса дека во рамките на барањето на нормални граници на цената на грозјето, меѓутоа 2019 година и 20 имавме прилично лоша година за производството на грозје, една врнежлива година, со многу болести, со многу лош квалитет на грозјето, со малку малигани, еве само еден пример просечните милигани на вранецот кој што е доминантен во производството на грозје изнесуваше околу 15, 16 милигани и тука цената се спушти на едно многу ниско ниво, плус ковид мерките, плус ситуацијата од пандемијата и Владата барајќи алтернатива заедно со Министерството и ние како Локална Самоуправа бевме вклучени во преговорите и разговорите, се најде еден начин да се земе дел од грозјето за производство на дестилат. Дестилатот беше наменски откупување на грозје со наменска цена, односно кофинансирана од државата, винарските визби го купија грозјето по некоја симболична цена, да не речам воопшто да не го платат, евидентна цена, ја би ја кажал евидентна цена од 2-3 деенара и државата да даде субвенции плус 6 денара за ковид и плус нормалните субвенции пак да дојдиме до 12, 13 денара, значи 90% на терет на државата. Тие се наши пари луѓе. Тоа е срамно во тој момент што се случи. Ако се исполнеше обврската од винарските визби што го откупија грозјето, лажејќи не нас како лозаропроизводители дека од ова грозје вино не се праве мора да оде за дестилат и тоа беше условот, да го направеа дестилат во тој момент грозјето и да го имавме како дестилат, да го извезеа како дестилат, ние немаше да имаме проблем и 21 година. Меѓутоа дел од тие винарски визби, кои што го откупија за дестилат неконтролирано од Министерството, од Инспекторатот го преработија во наливно вино и го извезија како вино. Тука треба да се преиспитаме и да се отворе една постапка да се виде каде се пропустите зошто тоа грозје, кое што беше со Заклучок дека не може да се произведе вино од грозјето, се претвори во вино и се извезе како вино, а не се претворе во дестилат, плус парите кои што беа дадени од државата за дестилат. Од тука тргна работава надолу. 21 година, ланската година имавме и неколку ескалации на ситуацијата, каде што откупот на грозје беше ограничен и винарските визби си поставија критериуми, не откупуваме грозје под 21 милиган, значи под 21

милиган луѓето беа враќани од винарските визби и немаа опција каде да го носат. Значи сега ако земиме од 15 милигани до 21 милиган, тоа тие 50% разлика. Еднаш му одговара на 21, еднаш одговара на 16, еднаш одговара на 22, цената никој не ја дискутира и они си манипулираат со шеќерните единици и со брисовите така како што им одговара нив. Јас ве уверувам дека ланаската година е златна година за вранецот, поздраво грозје, подобро грозје и со подобар квалитет ретко дека ќе имаме во наредните 5 години, а тоа сето зависи од времениските прилики, кои што ни ги пружи самата природа, не зависи секогаш од лозаропроизводителот. Јас мислам дека тука треба да бидеме единствени во една работа. Приватни се компаниите за откупување на грозје, факт, точно, државен капацитет немаме, имаме државни побарувања по однос на исплатени средства на лозаропроизводители кои што имаа долгови во Стефани, кои што имаа долг и во Повардарие, ми се чине Повардарие и повеќе од 30-40% има сопственост државата во целокупната стечајна маса како побарувања по основ на различни обврски према државата. Како заклучок од цела ситуација личен заклучок кој што би ви го предложил и вам, да не се поентираме и препукуваме и надмудруваме на грб на лозарите таа една дестилерија што ја зборуваме пет години јас мислам крајно време е да се направе и да се изработе како дестилерија, да се смене Законот за винарство, за алкохолен дестилат, каде што ќе влезе во државна резерва алкохолниот дестилат. Тоа е легитимно. Грозјето е стратешки производ. Штом државата дава субвенции за подигање на нови лозови насади, за одржување по хектар на лозовите насади и за производство на грозје, за мене е стратешки производ во делот на земјоделието. Штом е стратешки производ државата, заедно со нас како Локална Самоуправа можеме да изнајдиме начин, при моменти на полош квалитет од х причини, да имаме алтернатива да го преработиме во државен капацитет или јавно претпријатие или приватно јавно претпријатие во дестилат, економските анализи укажуваат дека нема да бидеме во загуба како јавно претпријатие, како државно претпријатие, независно со тоа ќе му ја растеретиме цела ситуација на земјоделците, а и на винарските визби ќе му олесниме во делот на капацитетите кои што треба да ги откупат како производство. Секој нека си направе план. Планоте е добро пропишан во закон до кога треба да се произнесе секоја винарска визба коилку грозје ќе откупе, од која сорта, со кои шеќерни единици. Ако сака некој да праве барик, нека праве барик, ако сака некој да праве понизок квалитет, ќе праве понизок квалитет, меѓутоа ставањето во целост на залог на цело земјоделство, на целокупните земјоделци во една единствена гранка, а тоа е приватното винарство и обратно, оптеретувањето на приватното винарство, мислам дека е голем проблем. Примерно во Франција има закон каде што секоја

приватна винарија нема право да има повеќе од 25% повеќе сопствен лозов насад, со тоа ги штите директно индивидуалните производители на грозје, затоа што ако замислите секоја винарска визба си направе лозов насад колку што има потреби, тогаш земјоделието ќе биде мртва гранка. Кај нас тоа не постои. Втор закон кој што исто го имаме од таму гледано е дека цената на грозјето не смее да биде помала од продажната цена на литро вино, не знам од 10, 12% или една третина од продажната. Тоа не е комунизам. Тоа не е обврзување. Тоа е заштита на земјоделието. Така да мислам дека имаме простор да донесиме заклучок да Министерот за земјоделие го поканиме со работна група од Општина Кавадарци, вклучувајќи ги дел од земјоделците, вклучувајќи ги винарските визби и ако сакаме ваа година да ја спасиме работата со грозје, да секој си го бара навремено својот пласман и својата макотрпна работа која што ја вложил во лозарството мислам дека требе најобјективно, транспарентно да разговараме сите заедно и да го постигниме, да ја постигниме крајната цел, а крајната цел е да секоједен да биде обврзан за она што го праве, до кај да го постигне и што требе, јас мислам да се обврзат да работам за винарска визба x и ако се обврзам дека ќе произведам вранец од 22 милигани, мој е проблемот како ќе го отпочнам кроењето, каква заштита ќе ставам, колку пати ќе го наводнам и по која цена ќе го продадам. Ако се обврзам дека сакам да произведам количина со помал квалитет, треба да ми е јасно дека ќе земам и помала цена, али на крајот од денот мора да знаеме дека по хектар дека треба секоједен да има приход, кој ќе му го загарантира, ќе ја загарантира егзистенцијата на секој индивидуален земјоделец. Така да предлагам винарските визби, Министерството за земјоделие на цело со Министерот ресорен и дел од земјоделците и дел од советниците отвориме дебата и тоа да не биде подоцна од 15 дена во Општина Кавадарци, регионална дебата, ќе ги поканиме сите кои што се засегнати со таа гранка, да еднаш засекогаш отпочниме и се движиме во прав правец. Правиот правец е кога три странки ќе бидат задоволни. Трите странки никогаш не може идеално да бидат задоволни, ама да не бидеме во колач на една странка. Сами знаете на протестот што го имавме ланската откупна година дека имавме немили, несакани настани, не сакам да ги потенцирам, немој да се возвратат во иднина, сами знаете дека таму имаше многу луѓе неполитички определени, него гневни на она што го прават и произведуваат како земјоделие и луѓе изнамачени со мачни души, дури ова не е добро што го збориме вака. Ние нашиот земјоделец го ставаме во категорија на милостија, го ставаме во категорија да ние нешто му дадиме него, не он да треба да ни даде нас. Тој е земјоделец кој што треба да не нахране. Тоа е тој земјоделец кој што треба да ни продаде грозје. Тоа е тој земјоделец што треба да ни даде грозје да направиме вино. Земјоделието

ако го третираме само во делот на помош и само во делот на ниска гранка, самото од себе ќе изумри, пошто никој не сака да биде деградиран ни во еден сегмент. Мислам дека треба да се разговара на тие 3 точки откупна цена, квалитет на грозје, секој да се произнесе кој, колку мисле да откупе грозје како винарска визба, законски регулативи, измена на законските регулативи и поготово да ние како Општина, локално да имаме многу можност да работиме на подигање на свеста на семејни винарии. Семејните винарии учествуваат со многу мал процент во производството и продажбата на вино. Вклучувајќи го Винскиот Музеј, вклучувајќи ја Винотеката, вклучувајќи ја Винотеката и Здружението на семејни винарии , тоа е благодет, ние сега во Кавадарци во над 80% во сите ресторани имаме вино на семејни винарии. Треба да им помогниме на тие семејни винарии да се подигнат на повисоко ниво, да имаат и баркод, да може да се изложат и во маркет, да може квалитетот да му биде константен, да од државата добиваат субвенции, меѓутоа и Локалната Самоуправа може да се вклуче во делот на помагање нивно, на брендинг, на маркетинг, на изложување и давање на субвенции во тој дел. Ние не сме држава, ние не сме моќни да можиме да направиме нешто што не е во наши рамки. Трето изградбата на дестилеријата, да се седне со винарските визби, да се најде најрационалниот економски начин како да се изграде таа винарија, дали тоа би било во постоечка винарска визба како подружна гранка, контролирана над 51% од државата или од Локалната Самоуправа, да не се ставиме под ќирија на некој или во постоечки капацитет, кој што е во државна сопственост, да може да се изграде таа дестилерија, заедно со промените за Законот за акциза за алкохолен дестилат произведен од вино, вклучувајќи го фактот да не им направиме конкуренција на нашите локални винарии. Ние од тоа вино нема да продаваме ракија и да направиме бренд и да ги уништиме нашите приватни компании. Друга е целта. Целта е може да го продаваме и извезуваме како алкохолен дестилат, а ја ве уверувам у фактот дека тие винарски визби 30,40% тија алкохолен дестилат ќе го купат и од таа дестилерија. Така да мислам има простор за разговор . Ако го донесиме како заклучок, така да отпочниме со разговарањето со овие што ги споменав како фактори на земјоделието. Објективно време е, веќе поминува и месец март, април месец до крајот да имаме комплетни заклучоци што и како ќе направиме со лозарството и дај како што отпочнавме 2017, да го продолжиме тој пат, оти ако се вратиме назад малтене џабе ќе биде да зборуваме за 20 центи килограм грозје или за 15 центи за килограм грозје. Тоа е луѓе, нерентабилна работа, непрофитабилна и најмалку атрактивна работа, кај нас е срамно да се претставиш како земјоделец, а во Германија или во Франција имаме цели семејства, кои што живеат само од земјоделие и буквално тоа е поголема

заслуга да бидеш земјоделец, да си го храниш цело семејство, да направиш капитал од земјоделието, него да одиш да работиш кај некој или да бидеш зависен од било која функција. Значи земјоделието мора да биде ценето, за да цената биде цена и земјоделецот да биде релаксиран, а релаксирањето во тој поглед мора да биде на зеднички начин донесено.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитуван Претседателе, Градоначалник, колеги советници и останати. Ова тема 20 години ја збориме, јас сум тука некаде малку и повеќе. У претходната влада, кога беше претходна гарнитура, со претходниот Градоначалник дадов некои предлози , да ги повторам дали оваа Влада има расположение за таа работа или нема. Одиме од тоа дека не знам во проценти колку да речиме 20,30 % од грозјето го имаат приватњаците што имаат винарии и тие се негови плантажи, си прават вино и ова време кога имаме пазарна економија, приватен произведува, приватен купува, државата на страна е, има начин државата да го реше проблемот и сега она покушава преку субвенции, различни начини, тогаш мојот предлог беше и сега се надоврзувам на тоа, Градоначалникот кажа 80,90% државата ги дава парите. Значи приватниот што има винарија, него го фаќа грозјето 1 евро преку продавање на виното и тоа што државата дава субвенции на земјоделецот, тој го плаќа 2, 3 денари, значи 3 пати него го финансираш и стануваат појаки, а земјоделецот не може ни нафта да плати. Тогашниот предлог беше дека треба државата конкретно кога ги дава субвенциите на година, цело грозје од сите приватњаци да даде цена, 12, 15 денари и да го ставе во депонија, да не го даде за никои пари, него да створи дефицит, да наредна година винариите прават договори со приватњаците, ради тоа што тие знаат дека, ако не направи договор чист оде во депонија и се ствара дефицит и има проблем. Дури не се створи проблем, нема решение. Таквиот проблем се стварал и во европските држави како Грција со праските, така го решавале, тоа е начинот државата да не дава субвенции 80,90%, еве ти 100% субвенции, не смееш да го продаваш, го носиш во депонија или пазарна економија, откупува државата и го тура во земја. Една година ствара дефицит и после државата нема да дава ич субвенции. Винариите имаат фора да дадат 30 денари, 20 денари за килограм грозје, ради тоа што неговото го фаќат едфно евро, пола евро може да даде. Државата еден таков чекор го решава проблемот, да не збориме со извоз, може и не можиме да го извезиме, може не е квалитетно за извоз. Само на таков начин, проблемот се решава, само треба чекор. Друго било што и да правиме, ниту можиш да се мешаш меѓу двајца приватњаци, пазарна економија. Ако направиме со тутун, па со грозје, па со јаболки, па со риби, па нема крај. Таков предлог дадов и истиот предлог да го ставиме како предлог. Да пробааме така.

ГРАДОНАЧАЛНИК: У земја ако го ставиш да да направиме дестилат.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Не така Градоначалник, не е така . У земја го ставаш да створиш, државата секако ти дава пари.. За моите. Конкретно за сите производи. Државата така го решава проблемот, го трпа, ствара дефицит и наредна година ти ќе ми дадиш пари за риби предвреме по 400 денари, не по 300, затоа што нема, ќе ми ги купе државата, ги немам и наредна година државата не дава субвенции. Тоа е предлог што е добар предлог. Го направиле Грците, го направила Европа со сите артикли и сега ние бараме заобиколен начин и на избори, а и не ни, овие што се трета опција што зема замав, него овие две партии пред избори, го решавам проблемот како, па после ме тепаат наму пред визби, правиш проблеми, сакаш да го решиш проблемот. Не бива така. Ова е единствено решение, џентламенско,државата да земе чекор да го реше.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче пиете ли вино ви.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Вода Градоначалник од твојата, друго ништо.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака разговарааме во делот на роковите за објавување на цена и информациите кои што ги имам јас дека горе доле ги почитуваат од страна на винарските визби, но нејсе и да не е така. Винарските визби, ќе ти кажам еден конкретен пример што се случува. Излегува Ценовник, оде намерно одредена винарија со пониски цени, сите останати винариии координирано ги објавуваат скоро истите ценовници, се со цел да се одолговлекува процесот на регулирање и на утврдување на она што претставува цена на грозјето и мислам дека тој однос од страна на винариите е некоректен. Во делот на рокот на исплата го гледав јас Законот на Левица, Законот на Левица предвидува 30 дена понапред исплаќање на земјоделците, меѓутоа тука треба, колку и да ги критикуваме винариите, исто така кога седнувам и договараме, треба да ги земиме и нив како засегната страна. Не ама така е. Значи утре може да се доведиш во ситуација да ти рече јас по овие услови кои што си ми ги наведил ти, јас не ти откупувам и да имаш уште поголем проблем. Јас се согласувам со тебе дека треба да биде и поназад рокот, меѓутоа дали може да постигниме решение такво со нив. Ако може да постигниме и на 30 дена да го направиме супер.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Советниче само да дополнам, пошто спомнавте дека имате неофицијални информации, а и тоа е пракса и практика дека винарските визби се групираат и се договараат една да објаве, после другите да ја следат. Тука би ја повикал и државата, Инспекторатот за земјоделство во делот на злоупотреба на откупувачи и заштита на правото на сите. Не тоа е кривично дело. Заштита, значи групирање. Закон за заштита на потрошувачи комплетно може да делува во тој дел.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Се слагам и сите сме против тоа и знаеме како функционира у праксата и у реалноста и во ред е тоа да има јавна расправа, во ред е да си ги дадиме ние нашите забелешки кои што ги имаме и во ред е тоа да винарските визби. Круме јас не знам да го видиш само односот на винарските визби кога преговарат. Може да ви каже Градоначалникот, може да ви кажат пратениците каков е нивниот однос према сите засегнати страни и према официјални државни лица и према земјоделци и према сите, многу арогантен, многу нефер према лозарите .
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали има некој збор или дали бидејќи е исцрпена точката на Дневен ред ја ставам.
ГРАДОНАЧАЛНИК Ако може советници јас би ги ставил како заклучоци. Заклучок а дефиниран , прво јас предложив да влезе во заклучок, да во рок од 15 дена работна комисија од дел од советниците со винарските визби и лозаропроизводителите на цело со Министерот да го поканиме, разговараме во делот на реколтната година за грозјето и пратениците, а на тој состанок работен првично ќе ги отвориме првите 3 теми кои што мислам дека се најбитни а тоа е: количината, квалитетот и како ќе биде пласманот, нормално и цената на грозјето, вие предложивте да ваа година грозјето го прогласиме за мртво и го закопаме во земја. Нека влезе како заклучок од Ристо Сакалиев.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Вака сега Градоначалник дозволи. Само на кратко, не дозволите. Ристе дали сметаш дека е подобро тоа твое мислење, тој Заклучок на Министерот да му го образложиме.
Почитуван советник твојот предлог е инкорпориран кон овие три заклучоци, го повлекуваш или го ставам на гласање. Готово. Ок.
Почитувани бидејќи е исцрпена дискусијата по оваа точка, истата ја ставам на гласање заедно со заклучоците што беа дефинирани од Комисијата, заедно со Градоначалникот и на советникот Ристе Сакалиев.
Кој е за предложената точка од Комисијата и трите заклучоци на Градоначалникот. Едногласно за.
Предлогот на советникот Ристе Сакалиев околу неговото гледиште за прогнозата на лозарството за 2022 година и неговото мислење го ставам на гласање. Кој е за. Воздржани се 17, 1 за.
Почитувани советници одиме на наредна точка.

89 .Барање од лиценцирани превозници во Општина Кавадарци.

Јас би го повикал Претседателот за јавни и комунални дејности Тони Нешковски да го образложе заклучокот од седницата со такси превозниците.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Почитувани граѓани на Општина Кавадарци, почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги

советници, медиуми и останати присутни. Утрово имавме Комисија за комунални и јавни дејности, на која што беше предложена и ставена во Дневниот ред овaa точка т. е. Барањето на такси превозниците од Општина Кавадарци за корекција и промена на цената со оглед на новонастанатата ситуација со покачувањето на горивата и нафтените деривати. Имаше еден предлог од нивна страна каде што после во заемна дискусија, заедно со членовите на таа комисија и претставниците од такси превозниците дојде до еден заеднички заклучок и до една заедничка одлука, каде што се утврдува следната тарифа за пресметување на цената на превозот . Има две тарифи прва и втора тарифа. Прва тарифа е 24 часовен такси превоз каде што се носи цена од 90 денари старт со вклучен еден километар, секој следен км. ќе кошта дополнителни 40 денари, додека 400 денари е чекање од еден час во место и втора тарифа каде што се опфатени неделите, нели со новите измени на Владата каде што недела се прогласи за неработен ден, а оние кои што работат да бидат платени 100% повеќе од тоа што му е обична дневница, недела и државен празник да биде старатот 100 денари со вклучен 1 км. И 50 денари секој нареден км. Додека чекањето 1 час во место си останува со иста цена 400 денари. Исто така заедно едногласно на оваа комисија се сложивме нели овие цени кои што ги предложивме и ги донесовме, да бидат изменети врз основа на тоа дали ќе има или ќе нема промена во цената на горивата т.е. со промена или намалување или зголемување на 20-30 денари од 1 литар нафта или бензин, да има нова промена нели во овие тарифни цени.Тоа беше едногласно прифатено од страна на комисијата. Знам дека овие покачувања на тарифата на такси превозниците нели ќе бидат негативно прифатени и од страна на граѓаните, но верувам дека и знам дека нема да бидат сепак од голема корист и за такси превозниците, бидејќи такси превозот искрено ова ситуација претставува во нашата општина и во нашата држава еден вид на луксуз. Така да јас се надевам дека со овие цени тие кои што имаат нели реална и потреба од страна на такси превоз ќе го користат, додека пак другите нели не знам како да се изразам ќе бараат алтернативни превозни средства и овие промени ги носиме се со цел и да не дојде до згаснување на тие такси превозници. Значи заемно.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани дали друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор Предлог-Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за такси превоз на патници во Општина

Кавадарци заедно со Заклучокот го ставам на гласање. Кој е за молам да крене .17 за.1 против. 1 воздржан.

90.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за Невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2022 година, Програма за развој на Невладин сектор во Општина Кавадарци за 2022 година.

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата точка ја ставам на гласање. Кој е за.Едногласно усвоена.

Со тоа констатирам дека е исцрпен денешниот Дневен ред на Осматта по ред редовна седница на Советот на Општина Кавадарци и истата ја затворам.Ви благодарам на вниманието.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов